**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по 33-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јован Мансијевски, Ристо Пенов, Роза Топузова Каревска, Иван Стоиљковиќ, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковска, Владо Бучковски, Живко Пејковски, Фијат Цаноски, Али Ахмети, Теута Арифи, Џеват Адеми, Ермира Мехмети, Фулнет Амети, Хисен Џемаили, Имер Селмани и Сулејман Рушити ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 18. - Предлог на одлука за избор на претседател, заменик и членови на ДИК**

Општата расправа е завршена.

Ве потсетувам дека оваа одлука се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 71 пратеник.

Со тоа не е создадена можност да се стави Предлог одлуката на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, тие што се присутни тука за да може да се создаде основ за гласање.

Тука ја прекинувам седницата, давам пауза од 15 минути за да се создадат услови за гласање.

Продолжуваме во 11,40 часот.

Само би ги замолил координаторите на пратеничките групи да ги повикаат пратениците за да може да се помине на гласање.

(По паузата седницата продолжи во 11,47 часот)

Ги молам пратениците да седнат на своите места, продолжуваме со работа.

Како што претходно кажав ве потсетувам дека оваа одлука се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Процедурално има господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Јас се надевав дека ќе се случи тоа што вчера го посакав, а тоа е дека кај пратениците ќе профункционира верувањето дека утрото е попаметно од ноќта, меѓутоа очигледно колегите се подготвени да го гласаат она што е на дневен ред.

Само да соопштам на јавноста дека е сосема јасно дека е направен партиски договор за свесно кршење на законите во Република Македонија.

Пораката до граѓаните е следна, ако Парламентот може да го крши законот или законите, тогаш зошто сите во Република Македонија да ги почитуваме законите. Ако Парламентот може да крши закон, тогаш зошто да функционира законот во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Колега Жерновски, што е процедурално, ве молам?

**Андреј Жерновски:** Сакам да соопштам дека пратениците до пратеничката група на ЛДП и Нова Алтернатива ниту во минатото учествувале во кршење на закони, ниту денес, ниту утре ќе учествуваат и ние во овој момент ја напуштаме работата на седнита на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник, од нив за Предлогот на одлуката гласаа 79, воздржани нема, против 2.

Господинот Оливер Шамбевски бара процедурално.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Имајќи предвид дека исходот на гласањето ни се разликува за пет пратеници, барам Собранието поединечно да се изјасни и барам подршка од 10 пратеници.

**Трајко Вељаноски:** Дали има подршка од 10 пратеници.

Да преминеме на поединечно гласање.

Го молам генералниот секретар да го преземе поединечното гласање.

Ве молам, поминуваме на поединечно гласање.

Пратениците да бидат на своите места и на прозивка да одговараат.

Повелете господине генерален секретар.

**Жарко Денковски:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | за |
| 2. | Адеми Џеват | отсутен |
| 3. | Алити Рафис | за |
| 4. | Алиу Имер | за |
| 5. | Амети Вулнет | отсутен |
| 6. | Анастасова Станка | за |
| 7. | Андов Стојан | отсутен |
| 8. | Андонов Миле | за |
| 9. | Андоновска Марија | за |
| 10. | Арифи Теута | отсутен |
| 11. | Ахмети Али | отсутен |
| 12. | Бајрам Амди | отсутен |
| 13. | Бендевска Весна | отсутен |

14. Беџети Блерим за
15. Бонева Силвана отсутен
16. Бучковски Владо отсутен
17. Велиу Фазли за
18. Вељаноски Трајко за
19. Георгиевски Ивица за
20. Гинев Јован за
21. Грковска-Лошкова Славица отсутен
22. Грозданов Цветко за
23. Дамески Панче за
24. Даневски Томе за
25. Деркоски Оливер за
26. Димеска Катерина за
27. Димитриески Дарко за
28. Димитровски Ратко отсутен
29. Димовски Илија за
30. Диневски Менде за
31. Догани Бесим за
32. Дулиќ Благородна за
33. Ѓелова-Стојанова Соња за
34. Ѓорѓиевски Веле за
35. Ѓорчев Владимир за
36. Ѓуровски Горан за
37. Жерновски Андреј отсутен
38. Затуроска Лилјана за
39. Зумбери Абедин против
40. Иванов Љубисав-Ѕинго за
41. Иванова Цветанка отсутен
42. Ивановска Јаготка за
43. Ивановски Игор за
44. Илјази Садије за
45. Јакимовска Светлана за
46. Јакупи Зумрете за
47. Јаневска Наташа за
48. Јашари Аднан за
49. Јашари Џемаиљ за
50. Јонузи Феми за
51. Кадри Фљора за
52. Кипаризовска-Крстеска Анита за
53. Китаноски Илија за
54. Колевски Марјанчо за
55. Котевски Никола за
56. Коцев Ванчо за
57. Крстевски Стојче за
58. Лазарев Јован за
59. Макрадули Јани отсутен
60. Манасијевски Јован отсутен
61. Марку Јулијета за
62. Матевска Цена за
63. Мехмети Ермира отсутен
64. Минчв Горан за
65. Мисини Хајрула отсутен
66. Мираковска Соња против
67. Мисовски Горан против
68. Митева Лидија за
69. Мукоски Крсто за
70. Незири Сафет за
71. Николиќ-Мазнева Косана за
72. Николов Марјанчо за
73. Николоски Александар за
74. Оровчанец Ѓорѓи отсутен
75. Пачемски Миле за
76. Пејковски Живко за
77. Пенов Ристо отсутен
78. Пепиќ Авдија за
79. Петковски Тито отсатен
80. Петрески Зоран за
81. Петров Андреј за
82. Петров Горан за
83. Петрушевска Дарка за
84. Поп Арсов Петар за
85. Поповска Лилјана за
86. Реџепи Даут отсатен
87. Рунчева Христина за
88. Рушити Сулејман отсатен
89. Савевски Саве за
90. Сељмани Имер отсатен
91. Спасеновски Александар за
92. Станчевска Нада за
93. Станковиќ Емилијан за
94. Анета Стефаноска за
95. Стефаноски Владо за
96. Стоилковиќ Иван отсутен
97. Стојменов Борислав за
98. Стојанов Ристо за
99. Сугарески Горан за
100. ТанчеваТулиева Надица за
101. Тачи Мендух отсутен
102. Ташева Виолета за
103. Топузова-Каревска Роза отсутна
104. Трајанов Павле за
105. Трајановска Оливера за
106. Трипуновски Цветан за
107. Тушева Маринела за
108. Ќуркчиев Никола за
109. Узеири-Ферати Мерадљ за
110. Хасипи Кенан за
111. Хани Тахир за
112. Цаноски Фијат отсутен
113. Честоева Весела за
114. Чинговски Томе за
115. Џафери Арбен отсутен

116. Џафери Талат за
117. Џемаили Хисен отсутен
118. Шамбевски Оливер за
119. Шекеринска Радмила отсутен
120. Шутаров Васко за

**Трајко Вељаноски:** Да ве известам за поединечното гласање.

Вкупно гласаа 90 пратеници.

За гласале 87, и против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собраниетоја донесе Одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Констатирам дека за претседател на Државната изборна комисија е избран Александар Новаковски.

За заменик е избран Субхи Јакупи.

За членови на Државната изборна комисија се избрани:

Јован Јосифовски, Златко Сајкоски, Сашо Срцев, Тања Алтанџиева и Бедредин Ибраими.

На избраниот претседател на Државната изборна комисија, на неговито заменик и на членовите на Државната изборна комисија им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

**Минуваме на точка 2 - Интерпелација за работата на претседателот на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни рпашања господин Александар Николоски.**

Интерпелацијата и писмениот одогвр на поставената Интерпелација ви се доставени.

Ве известувам дека согласно член 49 став 1 од Деловникот на Собранието претресот по Интерпелацијата трае најмнгу еден работен ден.

Согласно ч;ем 48 став 1 од Деловникот на Собранието еден од пратениците што ја поднеле Интерпелацијата има право на седницата на Собранието да ја образложи во траење од 20 минути.

Дали некој од подносителите сака да ја образложи Интерпелацијата.

Има збор господинот Горан Мичев.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе, почитувани коелги пратеници, дами и господа.

Почетокот на моето образложение на Интерпелацијата за работата на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Александар Николовски ќе ја започнам со тезите кои тој ги дава во писмениот одговор за Интерпелација.

Почитуван коелга Николоски со жалење морам и можам да коснтатирам дека овој ваш писмен одговор не содржи ниту еден правен и деловнички аргумент за наводите во интерпелацијата која што ја поднесовме.

Вашиот писмен одговор изобилува со политички квалификации, навреди и тенденциозни обвинувања кон СДСМ, што покажува дека биле апсолутно во право кога сме ја поднеле оваа Интерпелација.

Во една од речениците на вашето образложение велите дека Комисијата работела согласно членовите 53 и 54 од Деловникот на ова Собрание и согласно член 64 од Уставот на Република Македонија.

Очигледно господине Николовски намерно сте заборавиле да го спомenete членот 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Дозволете да направиме кусо резиме на сценариото кое и нанесе углед на правната држава, а кое го изрежираа владините партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Повеќе од една недела меѓу нив известуваат дека еден пратеник на ДУИ обвинет за воени злосторства не се појавува во Кривичниот суд. Судот очигледно под голем притисок на валста упати едно наивно барање до Собранието да му одговори дали истото лице е пратеник, иако таквата информација е достапна во секое време на официјалната веп страница на Собранието.

На 23 и 25 септември Кривичниот суд до Собранието достави барање за одобрување на притвот од 30 дена за двајца пратеници на ДУИ обвинети за воени злосторства против цивилното население.

Претседателот на надлежната собраниска комисија Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања три пати,повторувам за да ви стане почитувани коелги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ појасно, три пати ја одложуваше расправата за одземање на имунитетот на пратениците на ДУИ со изговор дека на пратеницит еили на пратеничките групи од владеачката коалиција им е потребно повеќе време за меѓусебни консултации.

На 26 септември конечно се одржа седницата на комисија Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на која пратениците на ДУИ, на кои што им беше одреден притвор изјавија дека се откажуваат од имунитетот и во иднина редовно ќе се појавуваат на судот.

Претседателот на Комисијата без да дозволи расправа и без гласање само констатираше дека после ваквите изјави барањата на судот се безпредметни и Комисијата не донесе апсолутно никаква одлука.

Истиот ден, тоа веќе ни стана навика, претседателот на Собранието скандалозно закажа пленарна седница во 23 часот и ги стави на дневен ред истите барања за одобрување на притвор на двајцата пратеници на ДУИ.

Претседателот на Комисијата до пратениците достави Извештај со заклучок на кој му предложи на Собранието да ги одобри судските барања за притвор на пратениците на ДУИ, иако за тоа членовите на Комисијата за Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања не гласаа и со тоа грубо е прекршен членот 128 до Деловникот на Собранието.

Собранието со мнозинство гласови во 2 часот по полноќ им го одзема имунитетот на двајцата пратеници на ДУИ.

Сега, во интерес на јавноста господине Николовски ќе викажам зошто намерно сте го пропуштиле во вашиот одгоовр членот од Деловникот.

Согласно член 128 став 1 работното тело зазема став за секое прашање што го разгледува и поднесува извештај до Собранието.

Во ставот 4 децидно стои дека работното тело зазема став со мнозинство на гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови.

Дополнително согласно член 128 став 6 претседателот на работното тело, а тоа сте вие господине Александар Николовски потпишува извештај и е одговорен за неговата веродостојност.

Во Извештајот што вие го потпишавте, а кој е заведен во архивата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања под број 28-4047/5 од 26 септември 2008 година стои следниот заклучок.

Согласно дискусијата на пратеникот Хисен Џемаили Комисијата за Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го одобри барањето од Основниот суд Скопје.

Ајде сега господине Николовски кажете дали на Комисијата одржана на 26.09. се гласаше за усвојување на овој заклучок и дали со гласање е утврден овој став. Јас ќе морам да ви одговорам не, затоа што тоа го знаат граѓаните и медиумите, тоа го знаат сите членови на Комисијата, а тоа го знаете најдобро вие. Тоа е нешто од кое штоне можете да избегате никогаш.

Ова е довоелн аргумент дека не ја говорите вистината кога велите дека Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања со вас како претседател работи согласно Уставот и Деловникот.

Сега ќе ми дозволите да се осврнам на политичките дисквалификации дадени во вашиот писмен одговор на Интерпелацијата, во кој меѓу другото велите дека одлуките кои ги донело владеачкото мнозинство се непоимливи за политичко длеување на СДСМ, вие сте биле наводно некоја нова генерација на политичари кои се водат од своите морални начела. Ајде малку да поразговараме за вашиот морал, да говориме за вашата наводна борба против криминалот и корупцијата, да говориме за се поочигледнио тполитички пазар помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ кој покажа дека единствено се пресметувате само со политичките неистомисленици.

Само 12 часа по завршувањето на собраниската седница на која се одобрени барањата за притвор на пратениците на ДУИ Министерството за внатрешни работи одржа прес конференција на која потпаролот на Министерството за внатрешни работи како по обичај повторно излажа. Тој изјави дека нема барање за потерница за двајцата обвинети пратеници на ДУИ, иако официјалните судски барања јасно стои дека Кривичниот совет доставил наредба токму до Инспекторатот за потраги при МВР да издаде потерница со цел да се реализира притворот.

Дополнително според изјавитре на надлежните до Кривичниот суд собранискиот курир замислете два пати ја промашува вратата на судот и заради тоа не можел да го достави известувањето за одземениот имунитет на двајцата пратенции на ДУИ. Му се посреќило почитувани колеги пратеници да изврши уредна достава дури во 17,00 часот истиот ден.

Пратеникот на ДУИ обвинет за воени злосторства за случајот липковска брана на 27 септември иако никој од медиумите не го забележал неговото доаѓање во судот пред истражниот судија дал исказ, го оставил дипломатскиот пасош во судот и притворот експресно му бил укинат во согласнсот, повторувам, во согласнсот зо Јавното обвинителство.

Другиот пратеник на ДУИ обвинет за воени злосторства врз цивилно население за случајот матретирани градежни работници кој подолго време веќе не доаѓа во Собранието сеуште почитувани господа од парламентарното мнозинство не е во притвот.

Дополнително иако пред ова Собрание вети дека во иднина редовно ќе се појавува во судот на закажаните главни претреси на 17 октомври и на 19 ноември, вклучително и вчера во 10,00 часот како последно рочиште пратеникот на ДУИ не се појави во Кривичниот суд.

Сега господа пратеници се отвора дилемата зошто сме сведоци дека 45 дена нема спектукуларна акција на МВР. 45 дена нема апсења, нема лисици, нема спроведување на обвинетиот со лисици пред телевизиските камери. Претпоставувате зошто.Од многу едноставна причина, затоа што пратеникот кој што се бара не е член ниту е функционер на СДСМ.

Кога се работи за членови на СДСМ тогаш граѓаните како во некој Холивудски филм имаат прилика да видат како специјалци со маски на глави апсат човек од 1,60 сантиметри, кој иако не пружа никаов отпор му се вперува и пиштол во главата.

Кога се работи за членови на СДСМ тогаш Јавното обвинителство се жали по неколку пати се додека не се преиначи одлуката на Истражниот судија односно се прават судски преседани.

Кога се работи за членови на СДСМ тогаш МВР веднаш ги информира медиумите за апсењата без нималку грижа на совест како се чувствуаат нивните семејства.

Дополнително заради дневно политички поени се апсеа луѓе за 5 евра пред телевизиски камери. Веднаш се притвараа и се изложуваа на јавно омаловажување без да се почитува прозункцијата на невиност, а за лице кое е обвинето за воени злосторства против цивилно население власта на чело со ВМРО-ДПМНЕ 45 дена не презема ништо освен што еднаш господа пратеници од ВМРО-ДПМНЕ му ја скративте платата, па за да не ви се налути вашиот коалиционен партнер ДУИ од пред еднан едела почнавте и да го оправдувате неговото отсуство во ова Собрание.

За какви ли морални начела господине Николоски се залага, како што велите вие, новата генерација на морални политичари во ВМРО-ДПМНЕ? Оваа фарса покажува дека зад наводната борба против корупцијата и организираниот криминал на ВМРО-ДПМНЕ се крие единствено пресметка со опозицијата.

Сосема на крајот би сакал да резимирам.

Факт број 1 - на седницата Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања што се одржа на 26 септември 2008 година, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Александар Николоски, како претседател на Комисијата, не ги стави на гласање и усвојување барањата на Основниот суд за одобрување на притвор на двајцата пратеници на ДУИ.

Факт број 2 - и покрај ваквиот епилог на седницата на Комисијата, пратеникот Александар Николоски, во својство на претседател изготви, потпиша и достави до претседателот на Собранието на Република Македонија два извештаи со невистината содржина и со фалсификувана одлука.

Факт број 3 - на седницата на Комисијата пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Александар Николоски, како претседател, без гласање на присутните членови заклучи дека пратениците на ДУИ ќе се појавуваат редовно во судот, што ја затвори понатамошната расправа по точките на дневниот ред, оценувајќи ја како беспредметна.

Факт број 4 - пратеникот на ДУИ, обвинет дека сторил кривично дело организирање група и поттикнување за извршување геноцид и воени злосторства за случајот “Малтретирани градежни работници” повторно не се појави на закажаните главни претреси во Кривичниот суд на 17 октомври, 19 ноември и вчера, во 10,00 часот, што само потврдува дека на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, што се одржа на 26 септември 2008 година, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Александар Николоски, во својство на претседател не ја говорел вистината, односно безобразно лажел.

Факт број 5 - пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Александар Николоски, како претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, со ваквите свои постапки го загрозил владеењето на правото како темелна вредност на Уставот на Република Македонија и сериозно го нарушил угледот на Република Македонија.

Почитуван колега Николоски, нам ни е искрено жал што вашата партија ВМРО-ДПМНЕ вас ве избра како жртвено јагне за новиот септемвриски политички договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Бидејќи, последиците од овој политички договор или пак пазар помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ ги плаќаат сите граѓани на Република Македонија.

Најдобро за вас ќе биде денес да си дадете оставка од претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Оваа оставка, почитуван господине Николоски, треба да ја дадете веднаш, сега, како морален чин на една нова генерација на политичари во ВМРО-ДПМНЕ со “високо морални вредности”. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Согласно член 48 став од Деловникот на Собранието на Република Македонија претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, господинот Александар Николоски има право на седницата на Собранието да го образложи својот писмен одговор на поставената интерпелација во траење од 20 минути.

Дали претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, господинот Александар Николоски сака да го образложи својот писмен одговор на поставената интерпелација?

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, господинот Александар Николоски, повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

На почетокот би сакал да се заблагодарам за интерпелацијата што пратеничката група на СДСМ ја поднесе за мојата работа како претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Имаме еден своевиден преседан, за прв пат во историјата на Парламентот пратеници поднесуваат интерпелација на пратеник и навистина заслужува да влезе и оваа интерпелација во аналите на Македонското собрание.

Имено, до сега, интерпелацијата, како инструмент се користила да ги контролира овие виолетови столици овде, односно сите парламенти досега, како што е секаде во светот, ја контролираат Владата и сите оние кои ги избираат. Но еве, ќе ми биде задоволство, согласно Уставот е тоа возможно, да пратеници поднесат интерпелација на пратеник, што само говори за демократскиот амбиент и демократското поимење на нештата од страна на опозицијата, но повторувам задоволство ќе ми биде да поразговараме.

Она што е факт и што треба да се продискутира со оваа интерпелација се првично мотивите од кои произлезе интерпелацијата.

Второ, колку самата интерпелација е оправдана, односно во кој политички момент се поднесува.

Потоа, има ли оваа интерпелација политичка и правна издржаност.

Потоа, убаво е да го разгледаме самиот текст на интерпелацијата што е поднесена од СДСМ, што не личи на партија што долго била на власт. Јас верувам дека имате подобри правници од овие кои ја пишувале.

Понатаму, би сакал да поразговараме за новата генерација политичари во ВМРО-ДПМНЕ.

По однос на политичкиот момент, односно она што се случува сега и што се случуваше во деновите кога овој случај беше актуелен, би сакал да истакнам неколку работи.

За жал, СДСМ и со поднесената интерпелација за мојата работа и воопшто, со своето политичко дејствување досега покажува една целосна дезориентираност и обид да се ловат политички поени онаму каде не можат да се ловат политички поени. Ќе ве потсетам само дека во минатиот состав, каде поголемиот дел од нас бевме исто така пратеници, се ловеа политички поени на пример на тоа дали треба да има високо образование или не треба да има, дали треба да се отвораат или не треба да се отвораат факултети итн.

Во таа насока од оваа интерпелација на пратеници за пратеник и би сакал да ја отворам и да ја образложам и да поставам неколку прашања околу кризата на СДСМ што веројатно СДСМ ја има.

Имено, ќе потсетам дека до Собранието на Република Македонија, односно до претседателот на Собранието на Република Македонија стигнаа три барања за одобрување мерка притвор односно едно барање за одлучување по имунитет на пратеникот Талат Џафери и две барања за одобрување на мерка притвор за пратениците Хисени Џемаил и Хајрула Мисини, поднесени се на се во рок од 6 дена. Првото стигна на 19 септември, второто на 23 септември, а третото стигна на 25 септември 2008 година.

Би сакал да поставам неколку прашања на кои што одговорот не е во Собранието, но еве да ги отвориме како дилема пред македонската јавност:

1. Дали е ова случајно, односно дали тоа што во рок од 6 дена добивме три вакви барања е само една случајност и некоординираност на судовите или се работи за длабока и силна координираност и политичка мотивираност на ваквите барања.

2. Дали тоа случајно се случи баш неколку месеци после формирањето на новата Влада, а не се случуваше години station наназад, кога СДСМ беше на власт со нашиот коалиционен партнер или кога нашиот коалиционен партнер беше во опозиција и

3. Дали се искористи тој момент за целосна политичка дестабилизација на Македонија имајќи ја предвид математиката на некои луѓе дека на тој начин најдобро ќе го покријат она што се случи, а тоа беше невиден дебакл на изборите што продолжи и понатаму. И, да ве потсетам некаде во септември стигнавме до соодност 4:1 што за македонски политички услови скоро и да не било видено претходно.

Треба да се најде одговор на сите овие прашања. На пример, треба да се најде одговор дали еден од судиите кој го поднесе барањето случајно не е пријател на неформалниот лидер на опозицијата и не беше еден од луѓето кој низ кулуарите беше вртен како член на Републичкиот судски совет.

Треба да се најде одговор дали на тој начин не се обидуваат некои стари структури повторно да вратат одредени начини на политика и политичко водење во Република Македонија и воопшто, треба да се најде одговор на политичките мотиви за ваквото работење на опозицијата.

Но за жал, на сите тие одговори, односно на сите тие прашања одговорите не се во ова Собрание. Одговорите се на друго место и таму треба да се бараат. Тоа треба да си го направи опозицијата. Се надевам дека она што се вика политички промени во опозицијата и новиот стил на работа што се воведува, се надевам дека и кај вас ќе дојде нова генерација. Еве, господинот Горан Минчев како претставник на таа нова генерација, Зоран Заев, Радмили Шекеринска итн, ако може полека да се ослободуваат од овие баласти. Не е лесно, тешко е. Ние поминавме низ тоа, ќе поминете и вие па се надевам дека за неколку години ќе можеме на рамноправни основи да се натпреваруваме на македонската политичка сцена.

По однос на интерпелацијата би сакал неколку работи да потенцирам што се вонредно значајни и се однесуваат на самиот текст на интерпелацијата. Ќе го поделам одговорот, како што беше спомнато и во текстот на интерпелацијата и во излагањето тука на два дела: правно-процедурален и политички.

По однос на правно процедуралниот дел има огромни грешки што се поднесени во интерпелацијата, како што стои за работата на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и е убаво, а верувам дека ќе ја добијат и новинарите, да се запознае јавноста за грешки што ги има во целиот текст и што јас се надевам дека се ненамерни, поради тоа што не можам да поверувам дека партија со политички капацитет како СДСМ може да прави вакви ноторни грешки и ќе ви презентирам дел од грешките што можат да се споредат и со стенографските белешки што се достапни во јавноста и во Собранието, што можевме како пратеници да ги добиеме.

Одиме на првата страница, вели дека “Политичката одговорност на претседателот на Комисијата, помеѓу другото се состои во тоа што јавно гарантираше дека обвинетите во иднина редовно ќе се појавуваат пред судот”. Ниту има таква работа, ниту се случила таква работа, ниту

пак претседателот на Комисијата може јавно да гарантира дека некој јавно ќе се појавува пред судот. Согласно Уставот на Република Македонија, во Македонија постои тројна поделба на власта, на уставна, законодавна и судска. Законодавната во судската не може да се меша, барем по поимањето на политиката на ВМРО-ДПМНЕ.

А што рече претседателот на Комисијата, читам од стенографските белешки:

“Александар Николоски: Благодарам.

Имајќи предвид дека пратеникот” се однесува на пратеникот Хисени Џемаил, “изјавил дека нема да се повикува на имунитетот што ужива како пратеник, констатирам дека понатамошната расправа по однос на точката е безпредметна и дека Комисијата може да испрати заклучок до претседателот на Собранието” ...

(дофрлање од место)

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да го сослушаме колегата.

**Александар Николоски:** “...во кој што по однос на Барањето на Основниот суд Скопје 1 заведено под КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година ќе се произнесе позитивно. Благодарам”.

Понатаму, во истата оваа интерпелација на пример, се вели дека “пратениците Хисени Џемаил и Хајрула Мисина на кој Кривичниот суд им определил притвор во рок од 30 дена изјавија дека ќе се откажат од имунитетот и дека во иднина редовно ќе се појавуваат во судот. Пратеник не може да се откаже, колеги, од имунитетот. Тоа е согласно Уставот и Деловникот на Република Македонија, затоа што пратеник ужива имунитет за искажано мислење. Единствено за што може да се разговара е одобрување мерка притвор, а сега ќе ви го прочитам и Уствот и Деловникот.

Уставот, членот 64 “Пратениците уживаат имунитет”, тоа е во ставот 1.

Ставот 2 “Пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност и да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собрание”. тоа е она што во јавноста популарно се нарекува имунитет.

Третиот став од истиот член 64 - “Пратеникот не може да биде притворен без одобрение на Собранието”. Значи, не може пратеник да биде притворен без одобрување на Собранието. Практично ние за тоа говоревме, ако ги видите и барањата на судот и точките на денвен ред што дојдоа во Собранието на Република Македонија беа Барање за одобрување мерка притвор на нашите двајца колеги. Додека за третиот колега, за кого точката гласеше, сега ќе ви ја прочитам “Барање за одлучување по имунитетот на пратеникот Талат Џафери”, во старт стана беспредметна затоа што не може да се одлучува по имунитет.

Така што и ова говори за тоа колку беспредметно, дилетантски, без правна основа се пишувале наводите што стојат во самата интерпелација.

Понатаму би сакал да спомнам уште неколку парадоксални грешки, па да оставам време и за неколку други работи да проговориме.

На пример, во самата интерпелација пишува дека, покрај другото барањата на судот, претседателот на Комисијата ги оцени како беспредметни, што не е точно и што го нема никаде во стенограмот. Пишува само дека понатамошната дискусија се затвора. Или на пример, пишува во самиот дел за политичката одговорност, пишува дека ја потврдува политичката одговорност на преседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања очигледно само со самото тоа што не ја говорел вистината.

По однос на говорењето или неговорењето на вистината, би сакал да потсетам на една работа, а тоа е дека до Собранието на Република Македонија, на ден 26 септември стигнаа две известувања од страна на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања во кои што Комисијата позитивно се произнесе по однос на барањето за одобрување мерка притвор на двајцата пратеници Хисени Џемаил и Хајрула Мисини. Собранието потоа одлучуваше. Имаше пленарна седница. Се произнесе како што се произнесе, односно барањето беше одобрено.

Тоа што јас можам да го разберам е дека тоа е непоимливо за фунскционирањето на СДСМ, затоа што веројатно да беа тие, малку поинаку ќе функционираше.

И второто што не можам да го разберам е како една комисија, што помина исклучително фер и коректно помеѓу пратениците, заради тоа што верувајте дека позицијата во која сум јас и колегите членови на оваа Комисија е крајно непријатна, затоа што најчесто се одлучува за имунитет на колеги пратеници. Така било и со Љубе Бошковски и со Владо Бучковски и со овие колеги за кои сега расправаме и верувајте дека е непријатно, затоа што седиме во иста сала и не секогаш е пријатно да се разговара на таа тема.

Но, во едни такви услови успеавме, заедно со колегите пратеници од сите политички партии, а тука би сакал да им честитам на Горан Сугаревски и на Емилијан Станковиќ кои крајно коректно се однесуваа на самата Комисија, успеавме да изведеме една перфектна седница, што заврши позитивно, Собранието се произнесе и темата се затвори. Сега повторно ја отвораме темата.

Прашувам која е причината, освен ако нема ловење на политички поени? Која е причината освен ако некој не сака на овој начин да добие дополнителни политички поени што, верувајте, невозможно е да ги добивате на овој начин. Има десетици други начини на кои можете да добивате политички поени, за што можеме да говориме понатаму.

Имајќи предвид дека имам уште седум минути, не би сакал понатаму да одам во експликација на сето она што беше напишано во интерпелацијата. Мислам дека со овие наводи што ги спомнав целосно укажуваме на депласираноста што стои во самиот текст на

интерпелацијата и повторувам дека не е случајно и не е грешка.

Она за што најчесто се говореше во изминатиот период, што го има и во самиот текст на интерпелацијата и за што говореше, меѓу другото и колегата Горан Минчев, како еден од луѓето односно како претставник од СДСМ кој ја образложи интерпелацијата е т.н. политичка одговорност на претседателот на Комисијата.

Политичка одговорност на претседателот на Комисијата може да има само во еден случај доколку барањата што стигнале до претседателот на Собранието и што претседателот на Собранието соодветно ги доставил до претседателот на Комисијата, во случајов до мене, не биле ставени во соодветниот рок на дневен ред.

Сега ќе ви го прочитам членот од Деловникот што се однесува на оваа работа и можеме соодветно да дискутираме дали нема или има политичка одговорност.

Член 53 од Деловникот за работа на Собранието:

"Пратеникот ужива имунитет од денот на верификација до денот на престанок на мандатот.

Барањето за одобрување притвор на пратеник", значи барањето за одобрување притвор на пратеник а не одземање на имунитет, ова е многу битно заради јавноста да го расчистиме, "на пратеник имунитет не може да му биде одземен," туку може да биде дозволено да биде притворен или не може да биде притворен. Условно, ако е притворен за едно дело и се покаже, на пример дека нема одговорност и биде ослободен, понатаму ако направи друго дело, пак треба да одлучува Собранието дали ќе се одобри или нема да се одобри притвор.

Значи, "барањето за одобрување притвор на пратеник надлежниот орган го поднесува до претседателот на Собранието.

Ако барањето не е доставено од надлежен орган, претседателот на Собранието за тоа го известува органот". Во случајов беше доставено од надлежен орган.

"Известувањето дека пратеникот е притворен затоа што е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години, надлежниот орган го поднесува до претседателот на Собранието", ова не беше случај.

"Надлежниот орган го известува претседателот на Собранието за притвор на пратеник кога тој не се повикал на имунитетот", исто така не беше случај.

"Претседателот на Собранието, барањето за одобрување на притвор односно известувањето дека пратеникот е притворен веднаш го доставува до Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања а Комисијата е должна да го разгледа барањето односно известувањето и во рок од два дена да достави извештај до претседателот на Собранието".

За седницата на Комисијата се известува и пратеникот на кој се однесува барањето. Ако ги видите датумите кои ги има во архивата ќе видите дека роковите се запазени, дека е доставен, дека е разгледан рокот од два дена, дека е пратен повратен одговор и дека имаше пленарна седница на која сите ние расправавме, а понатаму овде вели дека Комисијата испраќа известување и за тоа дискутиравме на пленарната седница, се испраќа известување за работата на Комисијата, а не записници, одлуки итн.

Јас би сакал тука да поставам едно отворено прашање кое беше спомнато, правнички можеме да го дискутираме, има подобри правници од мене ќе го прозборуваат тоа, но јас би сакал на овој начин да го поставам прашањето. Основната причина заради која се поднесува интерпелација за работата на претседателот на Комисијата е тоа што претседателот на Комисијата не го ставил на гласање заклучокот. Не е тоа што Комисијата одобрила или не одобрила мерка притвор. Не е тоа што Собранието одобрило или не одобрило мерка притвор, за што може да има далеку поголема одговорност, туку единствената причина е заради тоа што не се ставило на гласање.

Колегите кои се членови на Комисијата се сведоци, тоа го сведочат и стенографските белешки, дека пратениците сами јавно кажаа дека нема да се повикуваат на пратеничкиот имунитет односно дека ќе се одзват на барањето на судот и дека соодветно на тоа нема потреба да важат овие одредби кои се однесуваат еве на пример можам да прочитам вели:

Како и да е јас во рамките на преземањето на одговорноста уште од вчерашниот ден сум поднел до Основниот суд Скопје 1 - Скопје, известување каде сум изјавил дека јас од вчерашниот ден нема да се повикувам на мојот пратенички имунитет во однос на вината за која сум обвинет.

Да ве прашам логично, ако некој јавно кажува дека нема да се повикува на имунитетот односно јавно вели дека може да е притворен, како ние да гласаме дали да се одобри тоа или не. Да гласаме спротивно на неговата волја? Да гласаме против? Да кажеме дека тоа е невозможно ако самиот кажал дека е возможно и самиот се јавува на барањето на судот и соодветно можат да се применат мерките притвор итн.

Ова го поставувам само како логично, правно можеме да го дискутираме, има ставови за и против, но еве кажете ми колку е логично ако Александар Николоски утре стане тука и поднесе оставка од функцијата пратеник, вие после тоа гласате дали можам да си поднесам оставка или не.

На крајот, околу новата генерација. Жал ми е што колегата Минчев излезе, има многу разлика меѓу нас. Има разлики по однос на пристапот на политиката. Има разлики по однос на тоа како се однесуваме кон политиката, има разлики колку сме меркантилни во однос на водењето на

политиката, има разлики по однос на тоа како ја доживуваме корупцијата и како се бориме против корупцијата. Не ми е јасно зошто СДСМ тоа не може соодветно да го прифати заради тоа што не можат да сфатат за работи кои биле најнормални за нивното владеење, сега се подведуваат под кривични дела и уште повеќе ми е јасно како не можат да сфатат дека на пример некој може да се води од соодветни морални начела кои, меѓу другото, можат да бидат демохристијански, односно можат да ги почитуваат меѓу другото и христијанските вредности преку кои настапува во политиката.

На крајот за новите вредности, господа, за жал или за среќа, светот се глобализира, станува по брз, по динамичен, политиката бара нови политичари и ќе ви кажам една значајна разлика. Додека СДСМ беше на власт имавме најразлични, условно кажано, скандали најразлични коментари за Република Македонија, па Република Македонија не беше препознатлива на светската карта итн.

Начинот на кој работи новата генерација од ВМРО ДПМНЕ е “Светот во 2009 година”, годишното списание, можете да ја отворите насловницата и да видите дека меѓу другото ова е еден од начините на кои се промовира Република Македонија, пишува дали ви е потребно да ги скратите вашите трошоци, инвестирате во образование, во слободен превод. Тоа е начинот на кој работи новата генерација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да продолжиме понатаму да отворам претрес гледам дека господинот Андов е пријавен за процедурално.

Вака, господине Андов, согласно практиката која претходно била воспоставена согласно Деловникот, на одговорот на тој што му е поставена интерпелација и на тој што ја образлага интерпелацијата никогаш до сега немало реплики, туку реплики откако ќе се отвори претресот по говорот на пратениците.

Тоа било пракса и за тоа е издвоено во самиот Деловник, согласно член 48 став 1 по кој ја образлагаше интерпелацијата господинот Горан Минчев, а согласо членот 48 став 2 субјектот на кого му е поставена интерпелацијата даде одговор. Тоа било пракса и мислам дека така треба да продолжи. Инаку, после имате право како и сите други говорници.

Отворам претрес.

Согласно утврдениот редослед на пратениците по пратенички групи, пратеници кои не се организирани во пратенички групи, а ќе учествуваат во претресот, му давам збор на господинот Горан Сугарески, повелете.

**Горан Сугарески:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

На почетокот би сакал да кажам дека јас нема да зборувам и да барам одговори на одредени прашања надвор од ова Собрание, ниту пак сакам да зборувам за моралните норми на новата генерација на млади политичари, бидејќи јас како млад политичар си имам свои норми и начела  на однесување, тоа можат слободно граѓаните да го оценуваат.

Јас би сакал, како што и самиот колега Николоски кој е претседател на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања као што спомна во делот би сакал најмногу да се осврнам на правната процедура во гледањето или поднесувањето на интерпелацијата против господинот Николоски.

Зачи, многу внимателно го читав одговорот на интерпелацијата кој е поднесен од пратеничката група на СДСМ односно кој е поднесен како интерпелација односно одговор од господинот Николоски и најмногу би сакал да се осврнам во делот како член на Комисијата за мандатно имунитетни и деловничи прашања и како правник во делот на она каде имаме грубо кршење на Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Имено, во одговорот на интерпелацијата се споменуваат членовите 53, 54, како и членот 64 од Уставот на Република Македонија.

Читајчи го внимателно одговорот на интерпелацијата, буквално никаде не го видов членот 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија кој е буквално прекршен во таа Комисија.

Точно е она што на почетокот на образлагањето на интерпелацијата беше кажано дека Комисијата неколку пати го одлагаше нејзиното почнување и на 25 септември, потоа на 26 септември и веројатно дали постоел политички договор или не јас нема да навлегувам, меѓутоа,  дали со намера, случајно или на брзина свесно е прескокнат членот 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Членот 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ставот 4 е многу јасен и дециден и тука би сакал најмногу со господинот Николоски да продебатирам, а другото би било ирелевантно ако навлеземе само во политика во образлагање на оваа интерпелација. Значи, членот 128, овде има истакнати правници, туку што излезе претседателот на Собранието, тука е претседателот на Законодавно-правната комисија многу добро знаат што значи работното тело зазема став со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со 1/3 од вкупниот број на членови. Тоа е ставот 4 од членот 128 на Деловникот на Собранието на Република Македонија кој за жал, морам да кажам уште еднаш за жал не беше спроведен на Комисијата за мандатно-имунитетни и деловнички прашања на седницата одржана на 26 септември.

Околу членот 6 извештајот го содржи ставот на работното тело со образложение. Во извештајот се внесуваат сите изнесени издвоени мислења и предлози по прашањето кое било разгледувано

на седницата на работното тело. Значи, ставот 4 е јасен, гласање, јас како член на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања не учествував во никакво гласање затоа што гласалње на таа Комисија немаше.

Би сакал исто така да кажам, согласно дискусијата, фактички одлуката требаше да ја донесеме, како што вели господинот Николоски, врз база на она, согласно дискусијата од пратеникот Хисен Џемаили го кажа таму каде вети дека редовно ќе се појавува на судските роичишта на 17 октомври, 19 ноември, па и во текот на вчерашниот ден, но, за жал, не е така, но како што кажав нема да навлегувам во институции надвор од Собранието на Република Македонија, едноставно можевме по она што тој како пратеник земајќи му го имунитетот и повикувајќи се на имунитетот и за таа одлука можеше Комисијата, јас верувам дека можеби Комисијата ќе донесеше позитивна одлука за одземање на имунитетот и да достави извештај во доцните вечерни часови до Собранието на Република Македонија каде Собранието на Република Македонија ќе го одземеше имунитетот и ќе ја спроведеше таа мерка која Судот ја побара.

Уште еднаш би сакал да кажам, да не се повторувам во образложението на интерпелацијата, не сакам да навлегувам во другите работи кои ги спомнавте на почетокот дали тие три судски случаи кои еве велите биле спроведени по изборите и донесени во ова Собрание, ниту сакам да навлегувам како се постапува со членови на СДСМ при вакви ситуации каде има класични монтирани судски случаеви, едноставно, уште еднаш сакам да повторам, имаме драстично кршење на членот 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Мислам дека тоа многу добро сите го знаат овде, има куп пратеници кои се правници, на крајот на краиштата не мора да бидат правници, меѓутоа, она што го потенцирав некоку пати, мислам дека и господинот Николоски го знае. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Господине Андов сте пријавени за реплика? Повелете.

**Стојан Андов:** Господине Сугарески, се надевам дека вие внимателно го слушавте господинот Николоски како претседател, а вие сте член на таа Комисија. Точно? Тогаш од вас ќе го побарам одговорот.

Дали на седницата на Комисијата беше искажано некое сомневање на намерите на судијата што побарал односно доставил такво барање, дали има вие како членови на Комисијата сте слушнале нешто такво, слушајќи го внимателно господинот Николоски дека има да се решава нешто надвор од оваа сала, надвор од Парламентот и нему му личи на некој договорен план тие барања како доаѓале и како дошле од судијата овде во Собранието.

Мене ми беше нејасно дали за тоа се расправало на Комисијата, дали е нешто кажано на Комисијата, дали има некои индиции. Господинот Николоски вели дека тој судија бил пријател со некого, дали вие таму расправате и за тоа дали судиите се раководат од некои пријатели од надвор, дали воопшто во Парламентот станало збор за нешто такво?

Инаку, морам да ви кажам вакви пораки дека нешто надвор ќе се случува и ќе се истражува, тоа се закани упатени до судиите. Не смее во Парламентот такви работи да се зборуваат. Треба да внимаваме што зборуваме овде или толку беше нејасно што јас така го доживеав. Да внимаваме вие како и другите членови што ќе земат збор, да дадат атмосфера оти ние расправаме само за тоа што сме надлежни. Ниту сме полиција, ниту сме истражни органи, ниту сме судски совет, не знаеме што било надвор, а кој на кого му е пријател, веројатно не се смета за заговор или вина.

Да ги доведеме работите да се расправа за интерпелација за евентуална одговорност или не за господинот Николоски за тоа што го работел на Комисијата, ама од овде да не праќаме пораки каде надвор од овде или има да се решава или треба да се решава, дека динамиката на стигнувањето на тие барања се такви што треба да исправат некоја друга математика итн. Мислам дека тој дел и така ако го расправаме, ќе биде лошо. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Горан Сугарески, повелете.

**Горан Сугарески:** Благодарам.

Господине Андов само кратко. Ние имавме еден случај за барање за одлучување по имунитетот на пратеникот Талат Џафери поднесено од в.д. претседателот на Уставниот суд Томислав Бошески, Горан Бошески, судија во вториот предмет за одобрување на притвор на пратеникот Хисен Џемаили и третото е Хајрула Мисини.

Значи, дали имало политички или некаков договор надвор од Комисијата, не можам да тврдам, меѓутоа, сигурен сум во едно дека Комисијата беше три пати одлагана. Дали имало договор помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ не знам, но дали имало нешто надвор од институциите, јас не би сакал да ги коментирам одлуките на Судот. Инаку, ако навлеземе во таква ситуација можеме комотно да видиме дека кум на претседателот на Собранието е претседателот на Врховниот суд итн. Битно е по овие точки, во тоа би навлегол. Комисијата за мандатно-имунитетни и деловнички прашања беше три пати одлагана, причините никогаш ние како членови, не ги дознавме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

И давам збор на госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Денес имаме многу интересна точка на дневен ред - интерпелација која за прв пат се случува во Собранието на Република Македонија кога колеги пратеници му доставуваат интерпелација на свој колега, претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

На самиот почеток пред да навлезам во содржината на инерпелацијата, сакам да кажам дека оваа интерпелација е неоснована, дека е интерпелација која почива на исконструирани лаги, еден неспретен и верувам неуспешен обид на СДСМ со вакви неинвентивни и некреативни предлози да спечали некој политички поен. Не гледам друго зошто да се достави една таква интерпелација до Собранието на Република Македонија.

Зошто го велам тоа?

Вашите факти, фактите кои беа наведени од господинот Минчев, и фактите кои вие велите дека се факти кои се наведени во интерпелацијата ми даваат право да го мислам тоа.

Но, да почнам со ред.

Зошто интерпелацијата е неоснована и зошто таа почива на исконструирани невистини.

На втората страница од интерпелацијата стои дека на 26.09.2008 година конечно се одржа седница на Комисијата на која пратениците од ДУИ Хисен Џемаили и Хајрула Мисини на кои Кривичниот суд им одреди притвор од 30 дена изјавија дека се откажуваат од имунитетот и дека во иднина редовно ќе се појавуваат во судот, а претседателот на Комисијата заклучи дека после ваквите изјави барањата на судот се беспредметни. Очигледно нашите колеги од СДСМ заборавиле дека во ова Собрание, без оглед дали се наоѓаме во оваа сала или во некоја од другите сали на Собранието, секаде се запишува буквално секој зобр на секој пратеник, значи се водат стенографски белешки дури се снимаат говорите кои ги имаме во Собранието на Република Македонија.

Затоа ќе ве потсетам од белешките кои се водени на оваа Комисија, кои ги имаме, кои секој од нас може да ги добие, дека вистината е нешто сосема друго од она што вие тврдите дека е факт. Значи, велите дека тој изјавил дека барањата на судот се беспредметни. Што стои во белешките водени на самата Комисија?

Имајќи предвид Александар Николоски после давањето на искази од страна на господинот Хајрула Мисини вели: Имајќи предвид дека пратеникот Хајрула Мисини кажа дека ќе одговори на повиците на судот и дека нема да се повикува на пратеничкиот имунитет, констатира дека натамошната расправа по однос на точката е безпредметна, ќе се соглсите, тоа е грубо извртување на факти, велите во интерпелацијата дека после ваквите изјави тој кажал дека барањата на судот се безпредмети, а стои во стенографските белешки дека, констатирам дека натамошната расправа по однос на точката е безпредметна. Значи, грубо извртување на вистината.

Понатаму, на страна 3, велите дека Александар Николовски во својство на претседател изготвил, потпишал и доставил до претседателот на Собранието на Република Македонија два извешатаи со невистинита содржина и фалсификат одлука. Да видиме какви се извештаите кои што ги има доставено нашиот колега до Собранието на Република Македонија и што точно вели во извештаите. Во едниот извештај кој што се однесува на барањето за одземање имунитет на пратеникот Хисен Џемаили. Тој согласно дискусијата на пратеникот Хисен Џемаили, Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието да го одобри барањето од Основниот суд Скопје 1. значи тоа стои во извештајот. Што е тоа што стои во белешките што е кажано на самата Комисија од нашиот колега претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Цитирам: Имајќи предвид дека пратеникот изјави дека нема да се повикува на имунитетот кој што го ужива како пратеник, констатирам дека понатамошната расправа по однос на точката е беспредметна и дека Комисијата може да испрати заклучок до претседателот на Собранието во кој што во однос на барањето на Основниот суд Скопје 1, ќе се произнесе позитивно. Значи, во извештајот претседателот на Комисијата вели дека му предлага на Собранието да го одобри барањето од Основниот суд. Она што е кажано на самата Комисија, вели претседателот, да испратиме заклучок до претседателот на Собранието во кој што во однос на барањето на Основниот суд Скопје 1, ќе се произнесе позитивно Комисијата. Јас овде не гледам апсолутно никаква разлика за да можете вие да тврдите дек претседателот на Комисијата грубо го фалсификувал и зборува невистини, има невистинита содржина во извештајот кој што го доставил до сите нас, односно до Собранието на Република Македонија. Значи, продолжувате во вашите наводи со груби невистини, со грубо извртување на кажаното од страна на претседателот на Комисијата.

Трето, на истата оваа трета страница, да се послужам со вашиот речник, скандалозно продолжувате со невистинити трвдења, кажувајќи дека Александар Николовски во својство на претседател заклучи и јавно гарантираше дека пратениците на ДУИ Хисен Џемаили и Хајрула Мисини во иднина ќе се појавуваат редовно во судот, поради што ја затвори понатамошната расправа по точките на дневниот ред., оценувајќи ја како беспредметна. Што е тоа што стои во стенографските белешки од Комисијата и дали е точно тврдењето кое што го имате наведено во интерпелацијата. Во белешките стои следново: Имајќи предвид дека

пратеникот изјави дека нема да се повикува на имунитетот што го ужива како пратеник, констатирам дека понатамошната расправа по однос на точката е беспредметна. Тоа се однесува за господинот пратеник Хисен Џемаили. За другиот колега за кој што се бараше да се одобри притвор, колегата Хајрула Мисини, зборивите на претседателот на Комисијата се следни: Имајќи предвид дека пратеникот Хајрула Мисини кажа дека ќе одговори на повиците на судот и дека нема да се повикува на пратеничиот имунитет, констатирам дека натамошанта расправа по однос на точката е беспредметна. Значи, ќе повторам вие во вашата интерпелација велите дека нашиот претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања јавно гарантираше дека пратениците на ДУИ во иднина ќе се појавуваат редовно во судот. И тоа е еден од вашите факти да барате денес да расправаме за негова интерпелација и повеќе да не биде претседател на Комисијата. Значи, јавно тој гарантирал дека пратениците ви иднина ќе се појават редовно во судот. Вистината е и факт е, тоа што е запишано во белешките дека имајќи предвид дека пратеникот Хајрула Мисини кажа дека ќе одговори на повиците на судот и дека нема да се повикува на пратеничкиот имунитет. Значи, колегата само го повторил тоа што го кажале колегите. Тој не гарантирал, значи повторно грубо извртување на фактите, грубо зборување невистини врз кои што се заснова оваа ваша бесмислена за мене интерпелација. За на крај са завршите со констатација дека со ваквите свои постапки Александра Николовски како претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања го загрозил владеењето на правото како темелна вредност на Уставот на Република Македонија и сериозно го нарушил угледот на Собранието на Република Македонија. Значи, многу сериозни обвинувања, почитувани колеги. И затоа тој треба да биде отповикан од функцијата претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Навистина се чудам со кој морален кредибилитет колегите пратеници од СДСМ посебно колегите пратеници од составот 2002 - 2006 година си дозволиле да се потпишат на една ваква интерпелација и да зборуваат за загрозување на владеењето на правото и рушење на угледот на Собранието на Република Македонија кога во 2004 година на 30 април тие колеги кои што беа дел од тогашниот состав на Собранието на Република Македонија дозволија да се спроведе една скандалозна постапка за одобрување на барање за одземање на имунитет на пратеникот господинот Љубе Бошковски. Зошто велам скандалозна постапка? Скандалозна постапка, затоа што ниту еден пратеник од СДСМ не се дрзна да го каже тоа што сега го тврдите, дека се загрозува владеењето на правото, се руши угледот на Собранието на Република Македонија, затоа што не се почитува Законот кривична постапка и тогашниот важечки член 185 каде што јасно стоеше дека притвор може да определи само истражен судија на надлежен суд. Барањето што беше влезено во собраниска процедура и врз основа на кое претседателот тогашен на Собранието на Република Македонија го препрати до Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Барањето беше доставено од ненадлежен орган. Се сеќавате сите добро, дека барањето беше доставено од тогашниот јавен обвинител на Република Македонија и наместо претседателот на Собранието да го врати ова барање, бидејќи е од ненадлежен орган, тој го достави до Комисијата и тогашниот наш колега господинот Кондарко како претседател на Комисијата, вашиот вд претседател, сегашен вд претседател Заев како член на Комисијата и уште неколку ваши колеги не се грижеа за владеењето на правото во оваа држава, не се грижеа за интегритетот на оваа инситуција, за угледот на Собранието на Република Македонија, дека треба да ги почитува законите и да го почитува Кривичниот законик и дека не смее во собраниска процедура да влезе согласно тогашниот и согласно сегашниот Деловник барање од ненадлежен орган, Комисија да расправа по барање од ненадлежен орган. И ниту господинот Заев, ниту сите денешни потписници не доставија интерпелација ниту до претседателот на Собранието кој што и тогаш според тогашниот Деловник беше должен да го врати тоа барање на ненадлежниот орган и воопшто Комисијата да не расправа. Наспроти тоа тие не поднесоа интерпелација ниту до претседателот на Собранието ниту до Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, до тогашниот претседател, ниту пак да се побунат членовите, туку Комисијата си зеде за право не само да расправа по ова барање, туку да му дозволи на тогашниот министер за внатрешни работи да дојде на Комисијата и тој да оценува односно да ги убедува пратениците, значи прво тој зеде збор, зборувајќи дека како треба да му се одземе имунитет на пратеник за кој што има основано сомнение дека е убиец. Значи, почитувани колеги беШе дозоолено во собраниска процедура да влезе нешто што не смееше да се дозволи. Мислам дека ваШта интерпелација е задоцнета цели 4 години. Тогаш требаШе да имате интерпалација и на вашиот претседател на Собранието и на претседателот на Комисијата, а не денес со ваква бесмислена интерпелација да го губиме времето на Собранието на Република Македонија. благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Реплика гопсодинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов**: Благодарам потпретседателке.

Најпрво една процедурална забелешка до вас, а тоа е да ги опоменувате говорниците, посебно колешката Силвана Бонева кога не зборува по точката на дневниот ред и зборува за интерпелации во 2004 година, наместо да каже нешто за интерпелацијата што е поднесена за

нашиот колега, член на нејзината политичка партија. Мислам дека требаше да ја опомените и доколку имало потреба за таква дебата, тогаш тие биле опозиција и требало да поднесат интерпелација за работата на тогашниот претседател на Комисијата и тогаш да дебатираат. А сега внесувањето на тој случај во оваа дебата, одзема време и ја дефокусира јавноста од она што е направено на оваа Комисија. Значи, одговорноста е кај нив. Ако сметале дека има грешка, требало да поднесат интерпелација, а не сега да прават вербална гимнастика, да објаснуваат нешто што било порано, со нешто што е сега. Не е во ред и така се девалвира Собранието, колешке кога зборувате надвор од темата за работи кои што биле пред 4 години, а не кажувате за сегашноста. Никој не спори дека колегата Александар Николовски ја одржал Комисијата, или завршила работата на Комисијата. Главната забелешка од страна на СДСМ е што немало гласање. Членот 128 јасно објаснува, работното тело зазема став со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови. Последниот став, претседателот на работното тело го потпишува извештајот и одговара за неговата веродостојност. Немало гласање. Врз основа на што тврди колегата Александар Николовски дека извештајот е веродостоен? На она што го предложил како заклучок, согласно од дискусијата на пратеникот Џемаили Хисен, Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието. Кога во ова Собрание се носело заклучок без гласање врз основа на некој што кажал. Еве, вети тогаш колегата дека ќе се јавува на суд. Го нема. Кој сега лаже? А пратеникот Александар Николовски тврди за веродостојноста на извештајот. И околу новите политичари кои што сака да ги промовира, никаде не сум видел некој да се промовира сам себе за нов политичар и тоа да го правда со објавен оглас во еден светски весник, само нека каже колку пари ја чини Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:**

Почитувана потпретседателке.

Почитуван колега, очигледно не сте ме слушале. Најголем дел од мојот говор го посветив на кажувањето, односно на објаснувањето на вашите бесмислени наводи во интерпелацијата кои што почиваат на невистини ина изввртување на фактите од она што се случувало на самата расправа на КОМисијата. Точно е тоа дека немало гласање, но точно е тоа и дека претседателот на Комисијата понудил заклучок пред сите членови на КОмисијата. Таму имало и ваши членови, господинот Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски кои што воопшто не реагирале на понудениот заклучок од претседателот на Комисијата ниту пак реагираа на пленарната сесија, затоа што очигледно заклучокот бил израз на волјата на сите пратеници на Комисијата.

**Светлана Јакимовска:**

За реплика е пријавен господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски**: Благодарам потпретседателке.

Би сакал во трите минути за три работи да говорам.

Прво, за моралноста на колешката Силвана Бонева која што денеска рони крокодилски солзи во еден дел од нејзиниот говор, на пример, за Љубе Бошковски, иако има иницијатива во 2004 година да го исклучуваат од партијата Љубе Бошковски, сега се најдоа како негови најголеми заштитници. Тоа е нешто слично како што се извинија за покојниот претседател Борис Трајковски, а сега денеска гледам дека и во дадени ситуации го глорифицираат. Но, тоа е моралот апропо демохристијанството и "вредностите", начесто лажни на ВМРО ДПМНЕ.

Втората работа е што во оваа сала има експерти за одземање на имунитет, ама не согласно прописите, почнувајќи од вас потпретседателке која што во одрдена ситуација одземавте имунитет незаконски. За тоа покренавме кривична пријава против вас во судот но тоа го одби судот. Може во друг наврат ќе го прифати, се надеваме, ќе пробаме. Втората ситуација е оваа која што ја имаше како свој хендикеп младиот колега за кој што верувам дека ја познава праксата, иако е политиколог. Но, веројатно беше под притисок на партијата во тој временски период да донесе таква одлука, бидејќи целата работа која што се случуваше на таа комисија на Собранието подоцна, не беше мотивирана од правните прописи и норми, беше мотивирана од медиумскиот притисок. Имавте медиумски притисок, моравте нешто да направите и брзоплето ги одземавте, прво констатиравте нешто што не е факт и сега гледам дека ја браните ситуацијата во смисла пратениците дадоа како децата што велат, збор на жими мајка, дека ќе го направат тоа и тоа и Комисијата апсолутно, односно претседателот проценил дека за тоа не треба ни да се дискутира. Значи, нема закон, нема Деловник, нема здраво разумска одлука.

Третата работа колешке Силвана Бонева, ќе го упатам прашањето до вас, бидејќи имате дневни комуникации со Министерство за внатрешни работи. Каде е сега пратеникот на ДУИ Хисен Џемаили? Многу просто прашање. Јас гледам дека министерката за внатрешни работи и ако симнат едно маче качено на дрво, дава прес конференции како голем успех на Министерство за внатрешни работи. Ама за крупните работи ја нема. Исто како што ако сакате да говориме за идејноста на ВМРО ДПМНЕ ќе дојдеме до следниот факт. Две години правеа театар, циркус, змиско око, најспектакуларна акција, 80 обвинети , како не барем ви Нинберг се наоѓаме. На крај ништо од тоа. Е тоа е идејноста на ВМРО ДПМНЕ која што ниту знае што прави, само знае

тоа да го  прави добро пред камерите, на крај имаме последици. Последиците, или есапот ќе го платите на следните парламентарни избори. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Јас пред да и дадам збор за контра реплика на госпоѓа Силвана Бонева, би сакала да упатам до сите колеги пратеници, она што господинот Марјанчо Николов во делот на реплика првично го искажа како процедурална забелешка, важи за сите пратеници. Би сакала да ја насочиме дискусијата на пратениците и репликите на пратениците и контра репликите токму на точката од дневен ред.

За контра реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева**: Благодарам  почитувана потретседателке, почитуван господин Ивановски, неумесна е вашата реплика. Се služевте со навреди за да избегате од фактот дека вие грубо го прекршивте Законот за крививична постапка. За вас нема закон, за вас не важат закони, затоа што одлучивте по барање за одобрување притвор од ненадлежен орган. И уште нешто. Денес имате интерпалација која што е неоснована, која што почива на исконструирани лаги и тоа јасно го кажав, јасно се гледа од стенографските белешки и мислам дека треба да се задржите на тоа. Секое бегање и изврртување на дискусијата ви друг правец, значи признавање дека интерпелацијата не ви е на место и дека е џабе губење време на ова Собрание, мислејќи дека ќе печалите некој политички поен.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам потпретседателке.

Иако се јавувам за реплика на почитуваната колешка Силвана Бонева, би сакал на колегата Александар Николовски кој неколку пати ме спомна, исто како и колешката Бонева, да му препорачам...

**Светлана Јакимовска:** Јас би ве замолила да се задржите на говорот на госпоѓа Силвана Бонева.

**Емилијан Станковиќ:** Вас ви е пракса секогаш кога говорам по трипати да ме прекинувате.

**Светлана Јакимовска:** Ќе ви дозволам трите минути да ви отпочнат веднаш откако јас ќе завршам со говорот. Нема да ви од вашето време меѓутоа би ве замолила уште еднаш, да се држиме на говорот. Повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам.

Почитуван Николовски, очекувам дека оваа моја сугестија ќе ја сфатите сериозно. Значи, реплицирам на Силвана Бонева, меѓутоа сакам да му порачам на колегата Николовски да престанат да го бранат колегите затоа што доколку повеќе го бранат, толку повеќе се заплеткуваат во правната регулатива и дополнително ги потврдуваат наводите  во нашата интерпелација.

Почитувана колешке Бонева, немојте да говорите за никаква си расправа на седницата на комисијата на 26 септември 2008 година. Прво, немаше расправа на таа комисија и на таа седница воопшто почитуваниот колега Николовски не дозволи да има расправа, туку само констатираше, после откако три пати ја одлагаше седницата на комисијата заради тоа што пред јавноста кажа дека е потребно повеќе време за меѓусебни консултации помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, констатираше како што и вие впрочем потврдивте и со тоа се демантиравте самите себе дека нашите наводи се лажни, дека е беспредметно повеќе да се разговара по барањата за определување притвор и до пратениците се поднесе извештај кој го потпиша, исто така Александар Николовски. За жал, ние немаме стенографски белешки, очигледно нас не ни давате, меѓутоа во извештајот во кој не се констатира кој од пратениците говорел, туку има еден заклучок во кој меѓудругото, да не се повторувам, колегата Никловски го прочита тоа, има заклучок да се одобри барањето од Основниот суд Скопје 1 Скопје, претседател на Совет  судија Горан Бошевски итн.

Почитуван колега Николовски ќе ве потсетам на една седница на една ваша дискусија, бидејќи добро помнам. На 4 август 2008 година говоревте за правната сигурност, за достоинството на граѓаните и владеењето на правото  на Република Македонија, визави еден друг случај, со апсењето на вд претседателот Зоран Заев и тогаш така враќавте на нашите реплики.

Јас ќе ви поставам едно прашање и се надевам дека ќе бидете искрени, бидејќи не сакам да ве обвинувам, знам дека бевте под сериозен политички притисок, да помине комисијата така како што треба.

Ве прашувам, дали согласно член 128 од Деловникот, а вие тоа многу убаво го знаете, се гласаше на седницата на комисијата одржана на 26 септември. Одговорете, дали е тоа, како што велите во вашиот одговор писмена интерпелацијата, дека работите согласно Уставот и Деловникот на ова Собрание. Тоа сакам да го слушнам од вас. И верувајте подобро е да не ве бранат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ вашите колеги, бидејќи дополнително се заплеткуваат во се она што го говорат.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Пред да и дадам збор на госпоѓа Силвана Бонева, да ја изрази својата контра реплика, уште еднаш ги замолувам сите пратеници да се почитува она што во процедурална забелешка го даде заменик координаторот на СДСМ, господинот Марјанчо Николов, што е во право и се однесува на сите пратеници. Да се задржиме на говорите, репликите и конгра репликите да бидат на говорите на пратениците.

Повелете госпоѓа Бонева вашата контра реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Почитуван колега Станковиќ, и колегата Николовски и јас ве спомнавте во еден позитивен

контекст. Не знам зошто од вас реакција. Велите не било дозволено од страна на претседателот на Комисијата, да има расправа.

Јас видов од стенографските белешки, никој од вас членовите на комисијата, сега не зборувам конкретно за вас, значи од сите членови на комисијата никој не побарал збор после кажувањето на заклучокот на претседателот, ниту пак побарал гласање. Самиот факт што ни тој не побарал збор, ниту побарал гласање, зборува за тоа дека сите се согласиле дека тоа е заклучокот кој го пренесувате како заклучок до Собранието на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На ред за збор е господинот Ѓорѓи Оровчанец, но со оглед дека не е присутен во салата го губи правото на говор.

Му давам збор на господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам.

Многу време размислував дали да се јавам за збор по интерпелацијата на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитени прашања, господинот Александар Николовски, пред се почитувајќи ги сите пратеници, а воедно и пратеникот Николовски кој доаѓа од мојата изборана единица, поточно од Охрид. Но, се одлучив да зборувам веднаш откако го добивме одговорот на господинот Александар Николовски, кој беше испратен до претседателот на Собранието господинот Трајко Вељаноски.

Сигурен сум, доколку претседателот внимателно го прочитал вашиот одговор на интерпелацијата и ве повикал, како постар колега и ве посоветувал за некои делови од вашиот одговор, да ги измените, почитуван колега. Имено, за што станува збор:

Јас ќе ги прескокнам сите овие страници и ќе дојдам на крајот од вашиот одговор. Вели вака:

"Од сите овие причини, сметам дека интерпелацата е неоснована и би бил среќен кога СДСМ би ја повлекол, не заради мене туку заради демократскиот амбиент во Собранието. Новиот начин на политичка одговорност кој се гради, како и задржувањето на смислата на инструментот интерпелација. (И тоа е во ред.)

Ако ова не се случи, подготвен сум во една демократска атмосфера да ги спротиставиме аргументите на седница на Собранието на Република Македонија во однос на мојата работа во која секогаш исклучиво се водам единствено од принципот на законитост и демократичност, (Тука се согласувам со вас), како и од високиот морален и демохристијански начин во кој верувам и кои се дел од моето политичко постоење и работење".

Значи кога зборувате за христијанските начела прво треба да знаете кои се христијански начела, дали се тоа светите тајни или можеби верата, љубовта и надежта. Најверојатно ги заборавивте десетте заповести од кои деветтата заповест вели - не лажи.

Сега малку ќе со осврнам на вашите лаги.

За време на кампањата, господине Николовски, ветувавте, ништо не исполневте. Ветувавте многу работи во Охрид и во охридско.

(Реакција во салата)

**Светлана Јакимовска:** Ве молам, кампањата не е во ред, на ред е интерпелацијата.

Повелете Чинговски зборувајте.

**Томе Чинговски:** Во целост, ги излажавте гласачите кои ви дадова огромен број гласови во Охрид и орхидско. Тоа не е во христијанските начела. Христијанските начела велат да не лажат. Лажете и за самите случувања за одземање на имунитетот на нашите колеги пратеници. Излажавте затоа што во архивските документи стои сека имате поднесено два извештаи до Собранието на Република Македонија. Првиот е заведен во архивата на Комисијата за деловничи и мандатно имунитетни прашања број 28-4047/7 од 26.09.2008 година со следниот заклучок:

-Согласно дискусијата на пратениците Џемаили Хисеини, Комисијата за деловничи и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го одбие барањето од Основниот суд Скопје. Вториот заведен во архивата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања под број 28-4047/6 од 26.09.2008, значи истиот ден, со следниот заклучок.

-Согласно дискусијата на пратеникот Хајрула Мисини, Комисијата за деловничи и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, му предлага на Собранието на Република Македонија да ги одобри барањето на Основниот суд Скопје.

Со тоа вие го прекршивте членот 28 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Повторно би се навратил, господине Николовски, на христијанските начела кои вие само ги злоупотребувате за дневнополитички цвли и ништо повеќе. Никој не ви дава право да се повикувате на христијанските начела, а да не ја зборувте вистината. Можеби тоа ви го дава вашата политичка партија да ја зборувате невистината. Меѓутоа да зборувате за христијански начела, а да лажете, тоа не е добро. Доколку вистина ги почитувате христијанските начела, ќе ве молам јавно да се извинте за овие случувања во Собранието на Република Македонија, а јас ќе се потрудам пратеничката група да ја повлече интерпелацијата, затоа што и тоа е според христијанските начела господине Николов.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена Диневска Катерина, повелете.

**Диневска Катерина:** Благодарам.

Сакам да му реплицирам на почитуваниот колега во делот каде што од говорницата сакаше да изнесе нови аругменти и нови елементи за интерпелацијата за која и самиот се увери дека тоа што е наведено во нивната интерпелација, двата факти, не почитување на членот 128 и политичката одговорност, дефинитивно не држи, па бараше можност како да најде нов момент да ја оправда оваа интерпелација и се наведе на една политичка, би рекла јас, анализа на работењето на претседателот и ветувањата кои во предизборната капмања ги давал почитуваниот колега Николовски, што впрочем со тоа што го ветувал и го кажувал во својата политичка кампања ја добил и подршката од граѓаните.

Исто така сакам да кажам дека од она што е внесено во самата интерпелација, што значи непочитување, како што е наведено, на членот 128 од Деловникот, јас би сакала да го искажам моето видување, затоа што од извештаите што ги имаме пред нас на самата седница јасно и недвосмислено се гледа дека двајцата кандидати за кои се расправало на самата седница, самите се изјаснија така како што се изјаснија. Во членот 128 јасно и недвосмислено стои дека Извештајот го содржи ставот на работното тело со образложение, што впрочем е и направено во самиот извештај и во самото образложение, е кажано дека двајцата колеги сами се изјасниле дека доброволно ќе се јавуваат на повиците од судот.

Ние исто така пред нас имаме извештаи кои се потпишани од претседателот на Комисијата. Тој постапил по членот 128, тоа всушност и го кажува последниот став од членот каде се вели - претседателот на работното тело го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност. За веродостојноста на овие извештаи се уверивме од тоа што е кажано во извештаите на работното тело и од тоа што всушност го видовме од стенографските белешки на самата седница.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Томе Чигновски, повелете.

**Томе Чинговски:** И благодарам на колешката Димевска, што призна дека тоа за нејзе е нов момент. Со тоа призна дека воопшто го нема прочитано одговорот на интерпелацијата на господинот Николовски.

Госпоѓо Димовска што го говорев денес е напишано во одговорот на почитуваниот колега Николовски. Читајте ги материјалите и ништо нема да ви биде ново.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Почитуван колега Чинговски, ние сме на почетокот на нашиот мандат и би сакал ова да го кажам сега, заради тоа што еве сега сме немале прилика и се надевам дека понатаму ќе го почитувате и вие.

Моја пракса, несакајќи да навлегувам во она што го зборувате, и во претходниот парламентарен состав кога бев пратеници, а тоа ќе биде и во овој парламетнарен состав, никогаш да не се конфронтирам со пратеници кои доаѓаат од Охрид можете да го сватите тоа како локалпатриотизам, можете тоа да го сфатите можеби и како заедничка грижа за градот. Јас со колегата пратеник од претходниот парламентарен состав, господинот Илковски имав одлична соработка, направивме многу за Охрид. Се надевам дека и со вас ќе имам одлична соработка и ќе направиме многу за Охрид, вие како претставник на опозицијата, јас како претставник на власта. Затоа нема никогаш да си дозволам, колку сакате да бидете виновен, да се јавам и да зборувам нешто против вас. И ова е дел од моите христијански начела, а и дел од локалниот пратриотизам. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријаве господинот Томе Чонговски, повелете.

**Томе Чинговски:** На самиот почеток и јас го кажав тоа. Меѓутоа тоа што вие го одговоривте е во недостаток на аргументи и затоа така го кажувате.

Што имате направено за Охрид и за охридско и за граѓаните во Охрид сведоци сте и сам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

И давам збор на госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Почитувана, потпретседателке, почитувани колеги,

Расправаме за интерпелација поднесена од колегите од СДСМ, против нашиот колега Александар Николовски, како претседател на Комисијата за деловничи и мандатно имунитетни прашања.

За да бидеме конкретни во расправањето по барањето на СДСМ, ќе одам точка по точка, така како што тие го поставиле како барање.

Прво, не ставил на гласање и усвојување барањата на Основниот суд Скопје 1 Скопје за одобрување притвор на пратениците Хисен Џемаили и Хајрула Мисини.

Формално правно не ставил на гласање, меѓутоа, почитувани колеги, ако ги земете стенографските белешки од седницата на оваа комисија ќе видите дека е постигнат компромис, потполн консензус за она што се расправало и што е како заклучок за пред Собрание.

Навистина, ако јас претседавав, формално ќе го ставев на гласње. Меѓутоа секогаш кога расправаме за прашањата треба да се прашаме дали од тоа ќе има некоја последица.

Присутни биле сите членови на Комисијата. Ниту еден од Комисијата не ставил забелешка зошто формално не се гласа.

Второ, кога е дојден Извештајот од Комисијата во Собрание, ниту еден од пратениците не поставил

прашање и не ја довел под сомневање содржината на заклучокот. Според тоа, од страна на сите пратеници, заклучокот и работата на Комисијата е прифатен како легале, сме гласале за тој заклучок и тоа ќе ви кажам како. 73 пратеници гласале за, против гласале само 3 членови од новата партија, што се издвои од ДПА. Другите или не биле присутни, или не гласале. Значи, 70 пратеници гласале меѓу кои, ќе ги прочитам кои биле од страна на СДСМ. Тоа се, Станка Анастасова, Владо Бучковски, Емилијан Стаковиќ, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров и Томе Чинговски. Тие биле и сите тие гласале за заклучкот што од страна на Комисијата бил доставен до Собранието. Со тоа сметам дека првата точка автоматски отпаѓа.

Втората точка е, составил и потпишал 22 извештаи со невистината содржина и фалсификат...

Многу милувате да го употребувате зборот фалсификат, а да не го знаете значењето. Што се разликува од она што е кажано на самата седница на Комисијата од она што е ставено во предложениот заклучок пред Собранието.

Нема никаква разлика. Заради тоа што кога колегата констатира дека расправата е беспредметна по искажување на колегите против кои се бара одобрување на притвор, констатира дека го известуваме Собранието, позитивно да се одговори на барањето на судот. Има ли некоја разлика од она што е констатација во Комисијата и она што е написмено дадено во самиот писмен извештај до Собранието. Не. Според тоа и тоа отпаѓа.

Третото што се става на товар е расправата ја оценил беспредметна и ја затворил, откако јавно гарантирал дека ќе се јавуваат на суд, а лажел.

Колеги, вакво нешто да се напише во едно барање е скандалозно навистина. Прво вие не правите разлика што е беспредметно барање, што е беспредметна расправа. Во текстот велите беспредметно барање дека констатира,воточките, беспредметна расправа. Беспредметно барањето би било ако обвинителот ќе го повлечеше обвинението, ако господинот Бранко Црвенковски дадеше амнестија, или ако не дај Боже, не ме прекинувајте ве молам, или ако не дај Боже двете лица за кои се однесува расправата, починат во меѓувреме. Тогаш барањето би било колеги беспредметно. Не дозволувајте јас да ве учам сега. А беспредметна расправа е точно дека и беспредметна расправа била заради тоа што, ако се сеќавате, до сега кога сме одлучувале за одредување притвор на наши колеги, членовите на комисиите биле секогаш поделени и се надгласувале во двата случаја што ги имавме и за Љубе Бошковски и за вашиот колега Бучковски, дојде до надгласување. Овде се постигна консензус, откако инволвираните лица рекоа дека сами ќе се јават пред судот и според тоа нема да има потреба да дојде до конфронтација на мислењата пред Комисијата. Вели, јавно гарантирал дека ќе се јавува на суд, а лажел.

Стенографските белешки очекувам дека ќе ги видат и новинарите, за да оценат кој во случајот лаже., заради тоа што само констатирал дека колегите нема да се повикуваат на имунитетот пред судот. А кој е тој да гарантира. Еве и да гарантирал, кој е тој да гарантира дека ќе се јавува пред суд. Во кое својство. Каде пишува тоа.

Колеги, земете го записникот, земете ги белешките и ќе констатирате дека такво нешто нема. И ако некој лаже, тој грев е на ваша страна.

Сега му се префрлува на товар дека Хисен Џемаили на 17.10.2008 година, не се јавил на претрес, а Министерството за внатрешни работи не постапила по потерницата, а Александар не ја говорел вистината.

Колеги, треба за некоја последица и содејствието да има причинска врска. Каква е причинската врска помеѓу дејствието на Александар и тоа што Џемаили не се јавува на претрес, или што полицијата не може да го најде. Ние, како парламентарци, како Собрание сија завршивме нашата работа. Ние му дозволивме на судот да одреди притовр према овие лица. Судот одредил притвор. Дали овој доброволно Ќе се јавува, или полицијата ќе го донесе и кога ќе го најде, кога ќе го донесе, тоа веќе е надвор од Собранието. Ние не можеме за тоа ниту да расправаме, ниту некој тоа да ни го става на товар, а најмлаку на колегата Александар. Заклучокот е, го загрозил владеењето на правото и го нарушил угледот на Собранието. Ве молам коелги, со кое дејствие. Со кое дејствие го загрозил угледот на Собранието и го нарушил правниот поредок, или правото или не знам што. Она што го направивме како преглед, како вие сте го поставиле вашето барањње, сметам дека многу ми е жал, што ќе констатирам дека е една од многуте трибини која што ја организирате, меѓутоа, ви благодарам за тоа што и ние можевме да земеме учество во таквата расправа, а се надевам дека новинарите при своите известувања ќе гокажат и нашето мислење и нашите констатации, откако самите ќе се уверат во сите документи кои што постојат во Собранието, кој ја зборува вистината. Ви благодарам многу и сметам дека навистина не треба да се служиме со вакви работи, без оглед за какви цели за тоа што станува збор за наш колега, за жив човек, кој што има чувства, кој што да се напаѓа без потреба и овде да се расправа за него не е морално од било кој аспект. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам претседателе, само кратко. Во делот, еве и претседателот на Собранието се врати, тука е и дискусијата од госпоѓата Дулиќ, значи, многу јасно таа призна деак е прекршен членот 128 од Деловникот, став

4, каде што и сама кажа дека формално правно гласање немаше и како истакнат правник, мислам дека на овој начин ја оправдуваме интерпелацијата поднесена против пратеникот Николовски од правниот аспект. Значи, кажав дека нема  да навлегувам во другит еполитички мотиви,меѓутоа од аспект на правната процедура јасно е дека  таму формалноправно гласање немаше. Тоа е едната страна.

Втората страна, госпоѓо Дулиќ тврдите дека ќе имало консензус, бидјеки немаше ни расправа, ни гласање, како предвреме знаете дека ќе имаше консензус таму. После излагањетона господинот Џемаили, констатирано беше и беше завршено сето. Значи,немаше ни расправа, немаше ни формално правно гласање. Апсолутно, и многу ми е криво што голем дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, бранејки го одговоро тна интерпелацијата, никаде освен вас, не го спомнаа членот 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Дулиќ Благородна, благодарам.

**Благородна Дулиќ:** Јас често пати го спомнувам членот 128 каде што вели одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните, но не помалку од  1,3 од бројот на членовите во Комисијата.

Колеги, сите што сте биле присутни, вие тоа сте го прифатиле. Сакате признале, сакате не, меѓутоа познавајки ве секогаш кога нешто ќе се направи пропуст од претседател на Комисијата кој што не е од ваша партија, веднаш реагирате идобро е да реагирате. Во конкретнио тслучај таква реакција од вас лично изостанала. што понатмау да се каже, освен давање на согласнсот на заклучокто кој  што е предложен од страна на претседателот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе, госпоѓо Дулиќ, за разлика од вас кој што не ги потпишувате извештаите и такви непотпишани ги доставувате до Собранието, единствено исправно нешто што го нарпавил коелгата Николовски, тоа што бил чесен и го потпишал Извештајот. Кога во ова Собрание  нешто се одлучувало со консензус. Зошто претседателот на Собранието три пати го одлагаше галсањето по одлуката за избор на Државната изборна комисија. Едноставно можеше по вашите забелешки, по вашите сугестии да каже со консензус имаме постигнато дговор сите политички партии  и еве со консензус се изгласаа членовите на Државната изборна комисија. Значи, не постои таква можност во Собранието нешто со консензус да се донесе. Затоа постои Деловникот, се гласа, срамно е вие почитувана колешке Дулиќ како еминентен правник, судија, кој што учествуваше во фалсифиактот на изборите 1999 година да тврдите дека расправа по барање за притвор, може да биде беспредметна. Навистина е срамно.

**Трајко Вељаноски:** Има контра реплика госпоѓата Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Колега Мисовски, извинете меѓутоа мислам  дека не сте компетентни вие да зборувате за изборите и за фалсификат на изборите.

Што се однесува до ова што го зборував и што е доставено до Комисијата, дали имало потпис или не, или алудирајки на записниците кои што доаѓаат од Законодавно правната комисија, морам уште еднаш да ви појаснам, идат своерачно. Не ги потпишува ни еден претседател на комисиите сите записници кои што се доставуваат до Парламентот. И заради тоа до вас е дојде таков записник.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Ивановски Игор, повлете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Секогаш ми претставува задоволство да полемизирам со новата политичарка од ВМРО-ДПМНЕ госпоѓата Благородна Дулуќ. Таа е од новиот тип на политичари и за прв пат денеска после 3,5 години на минатиот и сегашен мандат, со неа се согласувам во една работа . Ниту јас, ниту Горан Мисовски, ниту било кој не  баш сите, но голем дел од оваа сала, не сме компетентни да правиме разговор за фалсификат. Таа е компетентна да зборува за фалсификат, бидјеки го направи. Јас не сум направил во животот фалсификат.Таа направи 1999 година фалсификат на изборите и затоа господинот Тито Петковски не стана претседателна државата. Апро по тоа, ако Благородна Дулиќ е реперот за исправното толкување на работењето на комисиите во правната сфера, од страт, ова Собрание има проблем, т.е. ВМРО-ДПМНЕ како пратеничка група има проблем. А затоа што се мнозинство има проблем и јавноста, односно граѓаните, бидјеки толкувањето што таа гокажа ниту е точно, ниту пак може да се брани на таков начин. Ниту имало гласање, ниту со консензус се донесени одлуките. Напротив, оневозможена е дебата,немаше класично спроведување на Деловникот на таа Комисија и заради тоа имаме ваков проблем. Сакала или не сакала да го признае.  На крајот на краиштата како работи да речеме, колешката Дулиќ, најдобро покажува за жал, сеуште и на Комисијата која што е најбитна во Собранието, а тоа е Законодавно-правната комисија, каде што таа арбитрира на кого дава збор или не, прифаќа нешто или не и едноставно, се става над системот.Веројатно, можеби и младиот колега бил приморан да го практикува рецептот на работа на Благородна Дулиќ, а тоа значи дека таа е алфа и омега, согласно како таа го чита деловник, закон или било која некоја правна норматива. Затоа и дојдовме до ова дереџе, да реперот за правото во Собранието, е Благородна Дулиќ со сиот минат труд  која што можеби има и еден друг проблем. Повеќе се

интересира што се случува во Царината, отколку во Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Господине Ивановски не е интерпелација за Благородна Дулиќ. Мислам дека треба да бидете коректни.

**Игор Ивановски:** Јас согласно Деловникот полимизирам со ставовите на колешката. Не се согласувам со тоа што таа гокажа и дозволете,соодветно да го аргументирам. Реков се согласив во една работ аи тука ќе завршам. Не сум компетентен да разговарам за фалсификат. За тоа ќе треба ако некој сака да прави фалсификат, да го упатите кај колешката Дулиќ, таа е скспетот за такви работи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

За контра реплика се пријави госпоѓата Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Ми причинува задоволство да разговарам по однос и кажувањето на колегата Иванов. Знаете за презунција на невиност, што постојано не излегува од вашата уста. Ако бев направила фалсификат, немаше да бидам тука. Според тоа, драги мој колега, престанете со тие игри. Престана господинот Бучковски, па ред е и вие да престанете. Според тоа што разговараме ние овде, држете се за темата. Очигледно немате аргументи за тоа, па зборувате за Царината. Се ме интересира што се случува во животот, па и вие што правите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,17 часот).

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Според редоследот има збор господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Колега Александар Николоски,

На денешната седница имаме точка на дневен ред Интерпелација за работата на претседтелот на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања и веднаш сакав да го соопштам ставот на НСДП дека ние ја поддржуваме оваа интерпелација и веднаш мојата дискусија ќе ја поделам на два дела онака како што мојот почитуван колега Александар Николоски одговорот по интерпелацијата го подели на два дела, иако сметам дека таква поделба е многу тешко да се направи, дури е невозможно кога го повредувате Деловникот, кога направивте едни политички импликации кои што тешко можете да ги одбраните. Мислам дека во вашиот одговор апсолутно немате никакви релевантни против аргументи по основ на интерпелацијата. Почитуван колега Александар Николоски кога ве слушав како одговаравте по основ на интерпелацијата имав чувство дека вие практично ја браните интерпелацијата. Кажавте се она кое не смееше и не требаше да го направите на 26 септември кога ја државте седницата на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања. Имав чувство и морам да признам дека успешно се обидувавте да го избегнете главниот елемент на кој се држи интерпелацијата, а тоа е зошто го повредивте членот 128 од Деловникот, но за жал вашата колешка Дулиќ е експерт за интерпелации и ве закопа.

Што се однесува до процедуралните забелешки, односно повредата на Деловникот, целата македонска јавност можеше да види дека на 26.09.2008 година вие како претседател на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања барањето на Основниот суд Скопје за одобрување мерка притвор на двајцата колеги пратеници од ДУИ Хисен Џемаили и Хајрула Мисини воопшто не дозоливте да се расправа, немаше гласање, го повредивте Деловникот и практично според мене вие не ја завршивте работата на Комисијата.

Вие почитуван колега Александар Николоски го повредивте членот 128 и добро е секој пат кога се говори вистината да се повторуваат членовите од Деловникот кога некој наш пратеник ги прекршува. Работното тело зазема став со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со 1/3 од вкупниот број членови. Вие почитуван колега пратеник го прекршивте и членот 15 од Деловникот за работа на Комисијата. Пред мене го имам Деловникот за работа на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања. Во членот 15 почитуван колега стои: Комисијата одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со 1/3 од вкупниот број на членови. Тоа го пишува во вашиот Деловник за вашата комисија, кој мора да признаете е обврзувачки за вас. Само ќе направам една мала паралела, повикувајќи се на стенограмот на кој исто така и вие овде се повикавте, се во функција да ви докажам дека моравте заклучокот да го ставите на гласање.

Зошто колега Александар Николоски Предлог дневниот ред го ставивте на гласање, па велите: кој е за, има ли против; констатирам дека со мнозинство гласови и еден глас против, дневниот ред е усвоен. Можевте како што кажа колешката Дулиќ со консензус да констатирате дека дневниот ред е усвоен, но вие исто така како што го ставивте дневниот ред на гласање моравте и вашиот заклучок да го ставите на гласање.

Вие исто така го прекршивте и членот 131 од Деловникот. Ќе цитирам само еден мал дел од членот 131, кој вели вака: за седницата на работното тело се води записник. Во записникот се внесуваат имињата на присутните итн, и вели “резултатите на секое гласање”. Апсолутно знам колега Николоски дека вие според Деловникот не сте должни да доставувате на ова Собрание

записник, тоа ми е совршено јасно, вие имате должност да доставите извештај. Но ако вие како Александар Николоски не го повредевте Деловникот и членот 15 од вашиот Деловник за работа, вие веднаш уште утредента ќе ја свикавте Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања, ќе го верификувавте записникот, ќе го потпишевте и убеден сум дека ќе ни поделевте ЦД со снимка, ќе ни кажевте не, колеги подносители на интерпелацијата, не сте во право, еве што сум кажал јас. Вие тоа не го направивте затоа што немате аргументи и потврда со што на оваа денешна седница се повикувате само на стенограмите.

Кога сум кај стенограмот од Комисијата цитирајќе ве вас господине Николоски ќе се обидам повторно во ваш стил во одговорот на интерпелацијата да дојдам до политичката одговорност, што навистина сметам дека многу тешко може да се раздвои. Вие велите вака: “Имајќи предвид дека пратеникот” - ова е цитат од пратеникот Хајрула Мисини, што е идентичен со оној другиот - “кажа дека одговорил на повиците на судот и дека нема да се повикува на пратеничкиот имунитет. Констатирам дека натамошната расправа во однос на оваа точка е беспредметна”. Со оваа ваша констатација вие не само што го прекршивте Деловникот туку навистина нанесувањето политичка штета загрозувајќи го владеењето на правото како една од темелните вредности на Уставот на Република Македонија.

И пратеникот Хисен Џемаили почитуван колега Александар Николоски ја потврдува исправноста на оваа интерпелација заради тоа што истиот ниту е достапен на судот, полицијата кобајаги го бара, а веројатно преку вас интервенира или протестира затоа што сте му ја намалиле платата заради тоа што не доаѓа во Собранието. Вие со оваа констатација направивте груба грешка, вие го прекршивте Деловникот и Уставот. Секој пратеник може да се повика на пратенички имунитет, ама само на водење на кривична постапка. Во овој случај имаме барање за одобрување на притвор. Вие колега Николоски знаете многу добро кои се причините зошто судот бара притвор, три се, за одредување мерка притвор за двајцата колеги пратеници.

Вие ниту смеевте ниту можевте да констатирате што е беспредметно. Судот се обратил до ова Собрание, се обратил до претседателот на Собранието, претседател на Собранието до вас како претседател на Комисијата, вие поднесувате заклучок кој што го одобрува или не одобрува Собранието. Ние сме тие, пратениците што одлучуваме за одобрување на мерката притвор, не сте вие тие кои треба да кажете тоа беше предметно или беспредметно. Тука го повредивте и Уставот и Деловникот.

За мене почитуван колега Николоски навистина се поставува прашањето зошто свесно го кршите и Деловникот и Уставот. Ако се работи за договор меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ, еден од подносителите навестуваше за некаков договор, но не знам дали имаше храброст или немаше храброст или не сакаше да го спомене, но ако се работи за договор меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ, четирите хашки случаи да се решат со политички договор, тогаш навистина вашата партија ВМРО-ДПМНЕ фино ве намести да имате дамка во вашата кариера дека сте го прекршиле и Деловникот и Уставот. Или колега Николоски, се работи за специјалитетот на Никола Груевски да ги дисциплинира коалиционите партнери од едноставна причина што само еден ден пред одржувањето на седницата на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања лидерот на ДУИ Али Ахмети најави “американски” избори за претседател во Република Македонија, давајќи можност Албанец да се бира за потпретседател на Република Македонија и јасно го соопшти ставот дека не прифаќа намалување на цензусот за избор на претседател на Република Македонија.

И на крајот, бидејќи говоревте за идејноста и идеологијата, дозволете ми и јас да ве поддржам тука. Навистина сметам дека дел од идејноста и идеологијата е - и добро е тоа што Силвана Бонева ве бранеше, тоа е многу нормално и логично, но исто така дел од идејата и идеологијата е координаторот на пратеничката група да беше присутна тука кога се гласаше по основ на членови на Државната изборна комисија, и исто така идејност и идеологија е кога се говореше за македонските бранители, кои се 80% членови на ВМРО-ДПМНЕ, да не ја напуштат оваа седница особено првиот ред во овој следен дел. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Шамбевски Оливер, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Мисовски, искрено морам да кажам дека ми е жал што и вие учествувавте денес во оваа шарада која ја предизвика СДСМ и дозволете ми скромно да оценам дека ова е можеби еден од најсрамните денови во Македонското собрание. На страна тоа, нема да навлегувам дека сето ова може да предизвика серија верижни настани кои ќе следат, поднесување интерпелации од други комисии итн. Морам да кажам дека ова е еден од најсрамните денови за Македонското собрание и сето ова, ако имаше СДСМ доблест, требаше да биде избегнато со повлекување на интерпелацијата.

Јас се прашувам господине Мисовски зошто не поставивте прашање на предлагачите зошто еден месец подоцна по завршување и на Комисијата и на пленарната седница ја поднесоа оваа интерпелација. Зошто не ги прашавте дали имаа проблем да разберат во рок од еден месец дека нешто не било како што треба на Комисијата или така им беше кажано еден месец подоцна да го постават прашањето на интерпелацијата. Господине Мисовски, ако толку не било во ред

тоа што Комисијата го заклучила, вам ви поставувам прашање зошто вие гласавте на пленарната седница за Извештајот на Комисијата. И на крајот на краиштата, господине Мисовски зошто не ги прашавте колегите од СДСМ патем кои се потписници на интерпелацијата зошто не реагирале на самата седница, туку тоа го прават еден месец подоцна. Ако го поставевте она принципиелно како прашање господине Мисовски, тогаш јас ќе можев да се согласам со вас и да дебатираме суштински. Но, имајќи предвид дека и самиот вие знаете дека суштината на интерпелацијата е само собирање евтини политички поени, дозволете ми да се согласам со еден од пратениците на СДСМ кога беше поднесена интерпелацијата и кога јас ги прашав што правите луѓе со ова, неговата констатација беше: веројатно го имаме изгубено компасот. Јас сериозно морам да се согласам, после денешната расправа, со тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господинот Горан Мисовски, контра реплика.

**Горан Мисовски:** Благодарам колега Шамбевски.

Јас навистина сметам дека имавме конструктивна дебата на денешната седница. Инаку, јас не сум член на СДСМ. Имавте можност, еве веќе два часа, да им поставите прашања, да се јавите за дискусија, не знам зошто не сте се пријавиле. Имавте можност и преку реплики, контра репликите, можете и процедурално да побарате. Тука е и координаторот на СДСМ и јас само кажав зошто ја поддржувам интерпелацијата. Контра аргументи за повреда на членот 128 од Деловникот вие немате. Тоа го потврди и вашата колешка која седи позади вас. Имавме барање, тоа го кажав во мојата дискусија, од судот, значи две барања од судот, за одредување мерка притвор и Собранието е должно да гласа. Сакам да ве потсетам кога бевме во онаа коалиција ВМРО-ДПМНЕ и НСДП, ние и тогаш гласвме за одредување мерка притвор кога се работеше за колегата Бучковски. Тоа ми е должност како Собрание да го направиме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Процедуралното се однесува во врска со репликата на колегата Шамбевски. Јас сакам вие како претседател на Собрание да не го губите компасот, особено не кога зборуваат пратеници. Докажете кои се тие наши зборови и овде од говорница навистина е срамота да ја злоупотребувата говорницата со рекла - казала, ама очигледно на колегата Димовски се му е смешно, на крајот за жал од неговата смеа најмногу ќе плаче Македонскиот народ. (Реакција). Екајте како сакате, запишувате се повеќе негативни поени. Затоа можеби го губите компасот и затоа напаѓате се и сешто. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика пратеникот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам претседателе.

Искрено имав дилеми дали да земам за збор или да не се јавам за реплика. Ме иритира дискусијата на колегата Горан од причина што јасно се виде дека неговата дискусија како и другите денешни дискусии освен што имаат политички карактер немаат врска со вистината. Ова го велам од причина што треба на сите да ни биде јасен еден факт. Три барања имаше за одобрување притвор, едно од тие барања се повлече, бидејќи предлагачот на тоа барање кон господинот Талат Џафери увиде дека нема правна основа, бидејќи доколку беше расправано и тоа барање или да се дискутираше на Комисијата, и со тоа барање ќе имавме флагрантно кршење на законите поради фактот што сите знаеме што е имунитет како еден механизам присутен во парламентарните демократии. Не случајно го велам ова дека имунитетот е механизам кој е присутен во парламентарните демократии и тој како таков не е присутен во автократските системи или некогаш постоеја монархиски системи. Од овој аспект сите знаеме што предвидува Законот за кривична постапка и ќе имавме едно флагрантно кршење како што се направи со овие две други барања, бидејќи господине Горан треба да знаете нешто, барањата за одобрување притвор се расчистени по конфликтот 2001 година со законите што се донесени и што се составен дел на правниот поредок на Република Македонија. Секое друго настојување, освен што има политички карактер, предизвикува тензични односи и секоја друга постапка, ценам ќе се согласите со мене, Македонија не дека ја остава во статус кво, туку ја води назад. Искрено ви велам, доколку беше еден искусен правник кој постоеше во период пост ... и денес ќе ги повторам неговите зборови кои ги рече во тоа време: "... пропријам турпитуди немалиган". Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Му благодарам на репликата на господинот Јашари.

Мислам дека вие воопшто не ми реплициравте на ниеден дел од мојата дискусија. Впрочем, вие тоа што го кажавте јас го кажав од говорница, но очекував дека во репликата кон мене ќе го кажете и ставот на ДУИ зошто или дали господинот Александар Николоски навистина го повреди членот 128 од Деловникот или не. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Реплика има господинот Алити Рафис, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани колеги,

Навистина внимателно ја прочитав интерпелацијата поднесена од СДСМ и секој граѓанин на Република Македонија доколку ја прочитал оваа интерпалација ќе увиди дека не се бара интерпелација за претседателот на Комисијата или пратеникот Александар Николоски, туку ќе увиди дека се бара интерпелација за ДУИ или овде се говори за историјатот кој кога побарал и кога требаше да се јави пред судот, рочишта итн. Јасно се гледа дека со оваа интерпелација тие кои ја поднесоа и ја потпишаа се занимава со двајцата пратеници на ДУИ.

Вие господине Мисовски говоревте за се и сешто, но местово не е да ги коментирате изјавите на претседателот на ДУИ или ставовите на ДУИ, вие говорите за повреда на Деловникот за работа, вие гласавте против Законот за амнестија, на денот кога гласавте на таа пленарна седница за да им се одземе имунитетот на пратеникот на ДУИ. Доколку гласавте против Законот за амнестија кој е донесен, јас не знам како може да се повикувате на еден на пример да му се одземе или еве да барате интерпелација, бидејќи го прекршил Деловникот. Тоа е нешто што не држи на тоа што се повикувате. Исто така, за цело време и претходите ваши дискутанти се занимаваа со минатото, со нешта кои не ви припаѓаат како пратеници. Не ви припаѓаат, бидејќи тие двајца пратеници на ДУИ се ваши колеги. Вие треба да размислите убаво во оваа насока кога отворате расправа за вакви прашања, велам треба да размислите убаво, бидејќи и доколку ќе се одржат тие рочишта ќе видиме дали се виновни или не соодветните лица. Но, доколку ДУИ ќе покрене интерпелација, многу од пратениците не би требало да бидат во овие односно на таа ваша страна. Велам, многумина, бидејќи знаеме што се случило во минатото и колку пратеници во тој дел од левата страна беа имплицирани во корупции и други дејанија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:**

Исто така и на господинот Алити, сакам да му се заблагодарам на репликата.

Почитуван господине Алити, на денешната седница расправаме за инерпелација за рабоата на претседателот на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања и можеби тоа никој од нас кој што дискутиравме не го спомна. Во оваа интерпелација се бара тој да биде отповикан од функцијата претседател на Комисијата. Поднесувањето на интерпелациите е нешто што е предвидено во Деловникот. Тоа е нешто што е предвидено во Деловникот и најдемократско право, никој нема право на опозицијата да и го одзема правото на интерпелација. Но, затоа, секој од нас пратениците согласно новиот Деловник може да се пријави за дискусија и тука да ги разменуваме нашите дискусии, искуства итн.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, ми претставува лично задоволство што ќе можам да дискутирам на оваа тема од аспект дека ќе можам да дискутирам во насока за зачувување на достоинството на Собранието. Меѓутоа, ми е многу жал што Собранието се доведе во една ваква ситуација со една нелогична и неоправдана интерпелација поведена од страна на пратениците на СДСМ.

Прво, оваа интерпелација поднесена во огромен период после настанот за кои што колегите од СДС кажуваат дека е прекршување на Деловникот од страна на колегата Александар Николовски. Тоа е прв доказ дека оваа интерпелација е чисто од политичко маркетиншки побуди поднесена во одредена ситуација кога СДС се наоѓа во внатрешна криза, кога СДС се соочува со една огромна безидејност во своето функционирање и работење. Не можејќи да најдат теми на кои што ќе имаат кредибилитет пред граѓаните, неможејќи да најдат теми за кои што граѓаните ќе им веруваат, се обидуват на разно разни начини во Собранието на Република Македонија да поведуваат дискусии за кои што тие самите мислат дека ќе им донесат политички поени. Меѓутоа, влегувајќи во една тема во која што тие како партија 15 години ја покажуваа во континуитет својата непринципиелност, не се свесни дека самата оваа дискусија ќе им придонесе дополнително загрозување на кредибилитетот и онака малку што го имаат како пратеничка група и како политичка партија. Тоа е политичкиот дел.

Процедуралниот дел, вие знаете дека Собранието на Република Македонија во своето функционирање како работно тело има над 20 по број работни тела. Тие работни тела во Собранието на Република Македонија односно претседастелските позиции се доделуваат на пратеничките групи во согласност со партиципативноста и пропорционалната застапеност на пратениците во Собранието на Република Македонија. Согласно тоа пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ има 11, пратеничката група на СДС има 5, пратеничката група на ДУИ има 3, пратеничката група на ДПА 2, итн. Видете какво едно прекршување и на политичките и на процеудралните постапки може да донесе какви последици. Значи, што ќе се случи ако пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ која што брои 63 пратеници поднесе интерпелација до еден претседател на работно тело од СДС кој што на пример три месеци од формирањето немаше свикано конститутивна седница на своето работно тело. Со 63 пратеници пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе може да изгласа разрешување на тој

претседател на работното тело врз база на легитимни аргументи дека тоа работно тело три месеци од своето формирање немаше одржано конститутивна седница. Или, што ќе се случи ако пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ поради слични причини поднесе и интерпелација за работата на претседателите на работните тела предводени од сите опозициони партии. Значи, ќе се доведеме во една ситуација кога мнозинството и процедурално и легитимно врз база на Деловник ќе може да ги разреши сите претседатели на работни тела од страна на опозицијата. Е, тогаш дами и господа е нарушување на процедура, тогаш дами и господа е нарушување на принципи на демократијата, тогаш е нарушување на Деловник за работа на Собрание на Република Македонија. Меѓутоа, очигледно опозицијата несвесна за тоа во какви лавиринти влегува со една ваква постапка, влезе во оваа процедура несвесна дека може да донесе огромни штетни последици за демократската пракса во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, тоа е одлука која што ја донесе СДС, за жал, еден месец после конкретниот настан, очигледно стимулирана од одредени политички содејствија и внатре во СДС и воопшто на политичката сцена во Република Македонија и затоа денес дебатираме. Одговорноста ја носиме сите пред граѓаните на Република Македонија. Многу е жално тоа што се манипулира со вистината, меѓутоа, веќе навикнавме на една таква пракса и не е чудо, меѓутоа е жално. Зошто го велам тоа? При работата, при одржувањето на седницата на Комисијата немаше никакви забелешки од страна на пратениците на СДС. При одржување на седницата во Собрание исто така СДС, па и НСДП ја гласаа целата постапка, целата процеудра, дури еден месец после настаните на некои во СДС му текна дека треба да се извади некоја тема која што прво во целата своја постапка немаше ниту една забелешка и кочница односно имаше поддршка со гласање од страна на СДСМ. Степенот на неиздржаност на оваа интерпелација се кажува со самите овие постапки. Јас, затоа, нема да навлегувам во содржината, има стенографски белешки и јас утрово кога се подготвував за денешната седница ги прочитав. Многу се јасни и многу се прецизни. Она што СДСМ денес го прави е обид за отворање на една дебата која што е апсолвирана во македонската јавност обид да го оттргне вниманието од политичката криза која што и исе случува во нејзините редови, обид да го отргне вниманието дека стануваат секојднево претумбации во пратеничката група на СДСМ, па не можеме да знаеме кој колега во кој ред кој ден седи и зошто се случува тоа поранешни лидери седат во втор ред, во трет, во четврт ред, па читаме по весници дека има кавги внатре кој може да зборува, кој не може да зборува од страна на СДСМ итн.

Овде ќе завршам со мојата констатација, оваа итерпелација нема базираност реална, е поднесена од исклучиво политички внатрешни причини на СДСМ. Оваа интерпелација не е само неоснована, оваа интерпелација е несериозна и оваа интерпелација како пример може да повлече многу други недемократски постапки во Собранието. Јас се надевам дека ме разбравте позитивно, поради тоа што овој ваш пример не е добро да го следат другите пратенички групи. Јас не можам да разберам од каде е таа желба за кавга, лична, од каде е таа желба за ароганција, од каде е таа желба на постојано навредување, тоа е неприфатливо. Луѓе, значи луѓе сме. Вие можете да зборувате за ВМРО ДПМНЕ, можете да зборувате за политичките ставови на ВМРО ДПМНЕ, можете да зборувате за политичките ставови на Александар Николовски, можете да зборувате за политичките ставови на Илија Димовски, меѓутоа недозволиво е нивото да го спуштаме во Собранието со лични навреди. Недозволиво е во континуитет се случува тоа во Собранието. Ве молам, задржете го тоа ниво.

Да завршам, оваа интерпелација моите квалификации се моја одговорност и стојам зад тоа што сум го кажал.

Второ, уште еднаш ќе повторам, се надевам и апелирам до сите пратенички групи и до демократската партија на Албанците и до ВМРО ДПМНЕ и до Демократската унија за интеграција да не го следат вашиот пример, поради тоа што ќе се доведеме во многу лоша ситуација да отвораме интерпелации за сите претседатели на рботните тела и тоа е недемократија. Тоа е недемократија поради тоа што мнозинството може во секој момент да ги разреши сите претседатели на работни тела од опозицијата. Еден пример, нема да спомнувам имиња, три месеци после формирањето на едно работно тело немаше одржано конститутивна седница. Не ли е тоа доволно легитимно на многу суштествено работно тело. Нели е тоа доволно легитимен аргумент за да се подигне ваква интерпелација.

Јас ви благодарам и уште еднаш ќе ви се извинам ако некој од вас лично ме разбра. Јас многу сериозно сакав да ви укажам за одредени дефекти во поставеноста на целата интерпелација. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе,

Бевме сведоци на уште еден типичен говор на колегите од ВМРО ДПМНЕ насочен само кон напади на СДСМ. Верејатно, колегата очекуваше или очекува сега дека многу, многу, придонел за неговата партија а веројатно ќе очекува и некаква награда од страна на лидерот.

Господине Димоски, околу вашите навреди на СДСМ дека нема идеи, би ве потсетил на неколку работи. Ние побаравме во Собранието да се расправа за економската криза во Република Македонија и за мерките кои што треба Владата да ги преземе. Вие решивте дека нема потреба

од дебата и тоа законите да се носат по скратена постапка. Решивте законот за енергетска сиромаштија кој што го предложи СДСМ дека не е во контекст на потребите на граѓаните на Република Македонија и тоа сметавте дека е лоша идеја. Законот за бранителите го одбивте, велејќи дека немало пари за нив. Донесовте закон за стечајни работници кои што ние го критикувавме и баравме да се врати старото решение за сите што имаат над 25 години стаж да остваруваат прво од Агенцијата за вработување. Го одбивте законот за минимална плата. Го донесовте законот за работни односи за кој што критиките не ги слушавте од опозицијата. И, сега, вие ќе ми зборувате овде дека сме немале идеи, а дека вие сте биле многу, многу полни со идеи и дека многу добро сте работеле во Собранието. Што е вашиот одговор на нашите иницијативи. Постојани напади врз СДСМ, врз раководните луѓе на СДСМ, хајка на нашите членови преку полициски акции, дури и нивно апсење се со цел да се омаловажат. Политички партиски притисоци со закони врз сите наши членови да не бидат толку активни на терен. Едноставно колега Димовски, бегате од одговорноста и не сакате овде во Собранието да се соочите со нас како опозиција. Можете цело време да се вадите на тоа дека имате многу добри идеи, но граѓаните никако не може да ги видат. Скапите реклами кои што ги правите постојано ќе даваат резултати уште некое време, а потоа ќе морате да ги објаснувате резултатите кои што ги немате остварено. Интерпелацијата на колегата Александар Николовски е затоа што го прекршил Деловникот и законот во Република Македонија, а не е тенденција да поднесуваме интерпелација против сите претседатели на комисиите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Господине Николов, во ВМРО ДПМНЕ демократијата е одамна дојдена. Во СДСМ истиот човек владее 17 години или ако сакате истиот човек и во Велес владее 17 години. Меѓутоа, де работи во врска со вашите идеи и проекти. Јас сум многу задоволен што вашите критики за економската политика на Владата се исклучиво базирани на глобалните текови. Значи, не искритикувавте овие две ипол години ниту еден потег на Владата која што е автохтона. Вие критикувавте за нафтата, а таа растеше на светските берзи. Критикувавте за инфлацијата и кажувавте дека годинава ќе имаме 10% инфлација, веќе пред два дена соопштија дека минатиот месец на годишно ниво инфлацијата е 5,2%. Сега, критикувате за глобална економска криза.

Господине Марјан Николов, немате критика. А, за сето она испуштено во минатите години веројатно ќе треба а се обратите кај вашата стечајна и судска мафија. Благоддрам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Очигледно да беше говорот на Илија Димовски говор на некој наш пратеник вие ќе му го одземевте зборот затоа што господинот Илија Димовски, со ништо ама барем ни 5% од неговиот говор не беа упатени кон интерпелацијата туку тој се занимаваше за цело време со Социјалдемократскиот сојуз и пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз. И тоа не е лошо, нека се занимава со нас за да може пред очите на оние кои што му го дале гласот, да се правда дека нешто прави во Собранието, затоа што и ништо не прави. Околу процедурата, јас не можам да си дозволам, сум ги поминала процедурите и во образованието, и сум ги поминала процедурите овде во ова Собрание. Ако има проблем нека иде таму каде што треба, нека ги повтори процедурите, нека си утврди, нека си добие свој сертификат за тоа, и после овдека да не учи за процедури. А колку за процедурите доволно е да го прочита член 45 од Деловникот кој што тој го донесе и ќе му биде доволно јасно, ама очигледно бидејќи е претворен во гласачка машинерија тој не си ги ни чита ни оние работи кои што сам ги предлага. Околу нападот за безидејноста на СДСМ господине Димовски, толкава ли е вашата голема досетливост и толкав е вашиот придонес за животот во Република Македонија ако се повеќе луѓе тонат во сиромаштија, ако 50% од домаќинствата во Република Македонија не можат да се платат ни 300 киловат часови електрична енергија, ако 40% од семејните домаќинства во Република Македонија не ја плаќаат редовно водата, ако над 66 илјади домаќинства во Република Македонија се социјални случаи, дали е тоа вашата перспективност господине Димовски дека ние сме се бавеле со глобалните политики. Дали е во последниве два, три дена 3200 останати работници без работа, вашата идејност, вашата порака како Република Македонија треба да се развива и како се грижи оваа Влада за обичните граѓани. Господине Димовски, имате висок рејтинг, но сето тоа нема многу да трае, немојте да бидете многу занесени од високиот рејтинг, погледнете малку по улиците каде што се движите, таму веќе немате насмеани лица. Ќе ве поздравуваат извесен период, но многу брзо ќе ве стигне сметката која што треба да ви биде испорачана.

На крајот, немојте да се занимавата се пратеничката група на СДСМ. Каква е таква е стократно повеќе изработила отколку вашата гласачка машинерија која молчи и кога гласа против себе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господнинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Госпоѓа Иванова првиот дел од вашата реплика нема да го коментирам поради тоа што е под моето ниво на политичка комуникација.

Вториот  дел, да, факт е дека во Република Македонија има многу сиромашни граѓани. Да, факт е дека во Република Македонија  има многу луѓе кои што живеат тешко, факт е дека во Македонија има многу економски проблеми. Тоа е точно, меѓтутоа гопсоѓо Иванова вие заборавате дека има една мала структура на луѓе во Република Македонија кои што 17 години  на нечесен начин стекнаа огромни богатства. Каде се тие луѓе, чии подржувачи се тие луѓе, во чии структури се тие луѓе граѓаните ќе оценат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се  јави господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски**: Јас воопшто немам намера да навлегувам во вашите пресметки, ВМРО ДПМНЕ СДСМ, СДСМ ВМРО ДПМНЕ тоа е ваша борба и немам намера воопшто да се вклучувам во таа борба. Си го почитувам извинувањето господине Илија Димовски, но вие се заканувавте денеска на опозицијата. Заканувајќи се на опозицијата ја спомнавте и мојата партија велејќи дека ќе ги разрешите сите претседатели од опозицијата и посочувајќи некој си претседател на некоја комисија кој што не се ја вршел доборо работава и веднаш го прекршивте деловникот. Пак ли иматве некаков договор помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Веднаш поднесете интерпелација, побарајте да го разрешиме, ќе треба да работиме.

Интерпелација е опишана во членот 45, но не постои временска рамка кога се поднесува една интерпелација. Не постои временска рамка кога може една интерпелација да поднесе опозицијата. Во таа политичка борба Вие најмалку имате право да говорите. Говорам во политичката борба, или во политичкото планирање.

Година ипол дена Никола Груевски го убедуваме дека треба да го прифати Законот за стечај. Знаете ли кога го направи. Кога најмногу му одговараше политички.Беспрамно отиде со Трајко Славевски, се сликаше во паркот и повторно ги излажа работниците. Илјада луге не добија решение ...

**Трајко Велјановски:** Конкретно за интерпелацијата не кажавте ништо ...

**Горган Мисовски:** Колега пратеник од ВМРО ДПМНЕ поднесете интерпелација на вашата Колешка претседател на Законодавно правната комисија која што не ги потпишува извеШтаите. Не се заканувајте на опозицијата.

**Трајко Вељаноски**: Контра реплика има г-динот Илија Domовски, повелете.

**Илија Димовски:** Господине Мисовски и јас ве ценам вас и ги слушам со внимание секогаш вашите дисусии. Очекувам и вие да ги слушате си внимание прецизно моите дискусии.

Јас ви кажав дека СДСМ отвора Пандорина кутија и овозможува ризик за недомократски постапки внатре во Собранието. Прецизно ви го повтрувам тоа шти ви го кажав и во исто време апелирам до сите пратенички групи да не го следат нивниот пример, заради тоашто бројките се сувопарни. Затоа на крај брокјите одлучуваат во демократијата. Тоа е принципотна демократија, меѓутоа за прв пат во Република Македонија да има интерпелација против пратеник. Сакава да покажам , а мислам и дека успеав да покажам дека е апсолутно бесмислица и апсурдно да се поднесува во овој случај интерпалација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски**: Благодарам претседателе, почитувани  колеги.

Конечно на дневен ред дојде и интерпалациајта што ја поднесе пратеничката група на СДСМ на пратеникот на ВМРО ДПМНЕ Александар Николовски претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, затоа што на седницата која се одржа на 26.09 2008 година грубо ги прекрши одредбите на член 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Во образложението кое го слушнавме од почитуваниот колега Николовски се темелеше на три теми, односно првата беше мотивот втората беше законитоста на постапката, третиот беше политичкиот дел. Но, одговорот кој го добивме беше се само не одговор на образложението кое стои интерпелацијата значи, како што кажаа и моите колеги одговорот е полн со политички навреди и обвинувања кон СДСМ, кои и денес перманентно продолжија од страна на пратениците на ВМРО ДПМНЕ, вклучително со тоа дека СДСМ се дилетанти, дека СДСМ се слаби, СДСМ се во сериозна криза па немеле што да прават и се зафатиле со еден ваков чекор за да малку им се подигне рејтингот вклучително во мотивите кои ги дадовте кажавте дека токму целата оваа работа што се случувала во изминатио преоид до 26.09 била заради тоа што била поттикната од страна на СДСМ, вклучително и судската власт за да на крајот тврдите дека во неа се вмешани  стари структури, па измешавте близина, пријатели на судии итн. при  тоа не сакам да ве потсетам кој на кого му е пријател, кој на кого му е кум, вклучително и на претседателот на Собранието итн. но тоа е ваШа работа.  Сега одлучете се дали СДСМ е во криза па сето ова го превзема или СДСМ е толку моќна за да влијае во постапките на судот и целата постапка што стигна до тука да дојде до Собранието на Република Македонија.

При ова не сакам да го коментирам однесувањето на судот кој очигледно под силен притисок на власта упати наивно барање до Собранието на Република Македонија каде што

бара одговор дали дел или едно од лицата кои беа предмет на расправата всушност е пратеник и цела македонска јавност знаеше дека посочениот господин е пратеник.

Во обрасзложеението кое го имаме ги наведувате членовите 64 од Уставот, членовите 53 и 54 од Деловникот за работа на Собранието, но во нашето образложение кое го давовме во однос на интерпалацијата никаде ме стои дека ние ги успоруваме токму овие членови на кои вие се повикувате. Ние не оспоривме дека беше побарано да се одобри притвор. Тоа барање требаШе да го разгледа Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања дека требаше во рок од два дена да заседава. Ние не го споревме тоа. Апсолутно ние сме сведоци на едно дека вие како претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања три пати дента го одложувавте претресот за одземање на имунитетот на пратениците со образложение дека пратеничките групи на владеачката коалиција им е потребно повеќе време за меѓусебни консултации. Вие тоа го кажавте, ние не го кажавме тоа. За какви колсутации се работеше, што се констултиравте толку, дали ја спасувавте коалицијата, дали купувавте време за целата постапка да се издолжи и да заврши како што заврши само вие си знаете. ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Притоа не сакам да напоменам за случајот кога во денешното ваше образложение говорите дека сте биле во една непријатна позиција, Комисијата рабтела многу коректно, а во еден претходен случај кога се работеше за пратеникот Владо Бучковски тогаш дури не им дозволивте на пратниците на СДСМ да завршат со расправата. Како ВМРО-ДПМНЕ не им дозволивте да завршат со расправата па потоа истата точка да ја ставите на гласање. Но, тоа прашање е друго, за друга тема.

Она што треба денес да го прифатиме или да го знаеме, а тоа е согласно члено 128 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Прво, јасно стои согласно член 4 дека работното тело зазема став со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број членови. Пратеничката Благородна Дулиќ го потврди, фактички го потенцираше тоа што стои во интерпелацијата дека доколу таа била претседател на оваа Комисија ќе ги ставела точките на гласање. Со тоа потврдува дека интерпелацијата која ја достави СДСМ до Собранието е издржана и се однесува за работата на претседателот на Комисијат.

Да не зборувам за членот 6 каде што навистина дадовте два извештаи во кои стои невистинита содржина. Оттука, паѓаат во вода сите тези, сите оправдување кои ги дадовте во вашиот одговор, во врска со процедуралните забелешки и притоа се знае дека во својство на претседател не ги ставивте на гласање точките, ваквиот епилог во својство на претседател покасно го потпишавте и на крајот после јавното гарантирање на пратениците Хисен Џемаили и господинот Мисини дека во иднина ќе се јавуваат редовно на судот се затвори расправата по точките на дневен ред и се оцени како беспредметна. Тие се факти.

На крајот сакам да се задржам на третиот, политичкиот дел во кој вие посочувате дека немате проблем, СДСМ има проблеми, не може да сфати дека постои една нова генерација на политичари кои се водат од своите морални вредности, ја сфаќате политиката како професија која им служи на граѓаните а не обратно.

Во овој дел навистина за новата генерација на политичари најверојатно мислите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ кои по јавно дадените изјави пред граѓаните на Република Македонија не се појавуваат на суд и гаранцијата која ја прифативте и како таква расправата стана беспредметна од тоа нема ништо. Дополнително фактот дека и до ден денес од 17 октомври, 19 ноември, вклучително и вчера пратеникот на ДУИ не се јавува на суд.

Исто така, тезата дека два месеци немаме спектакуларни апсења на ВМРО, немаме СМС пораки на портпаролот на Министерство за внатрешни работи, да одат да одат новинарите пред Основниот суд, нема спроведување на обвинетиот со лисици пред телевизиските камери итн. Јасно е, тоа го говореа и моите колеги претходници заради тоа што не се членови на СДСМ, или заради тоа што не се функционери на СДСМ, но едно е јасно. Навистина се загрози владеењето на правото како темелна вредност на Уставот на Република Македонија и навистина со еден ваков однос се нарушува угледнот на Собранието на Република Македонија.

На крај сакам до вас согласно тврдењето на претседателот на Комисијата, согласно вашите тврдења дека вие припаѓате на една нова генерација на политичари кои се водат од своите високи морални начела и ја сфаќаат политиката како професија која им служи на граѓаните, а не обратно, сакам да ве прашам дали господине Александар Николоски вие ако им служите на граѓаните на Република Македонија и сте со високи морални вредности, како што пишувате во вашето образложение тие се такви, како што ја браневте македонската репрезентација во Исланд, каде што и ден денес не одговоривте како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ на чија сметка бевте таму како тајфуни кои уживавте во благодетите на плавата лагуна и тешко на граѓаните со вас и со вакви пратеници. Треба да се запрашате и навистина сериозно треба да одговорите на образложеноето кое е дадено по однос на интерпелацијата, а не на тезите и не на озборувањата за рејтингот на СДСМ и за рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ, па како СДСМ немала што да прави итн, инт. За крај навистина околу рејтинзите не сакам да говорам, денеска познат ви е податокот колкав е рејтингот на ВМРО - ДПМНЕ, а колкав е денес. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Рунчева Христина.

**Христина Рунчева:** Благодарам.

Би сакала да реплицирам на колегата Диневски во однос на концептот кој што вие и вашата пратеничка група вршите контрола над работењето на Претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања господинот Александар Николоски. Во секоја европска демократска земја средства за политичка контрола на Владат од страна на Парламентот претставуваат пратеничките прашања, интерпелацијата и анкетните комисии. Значи, ова е една од ретките, да не речам единствена интерпелација, преседан во нашето парламентарно работење која што пратеници ја поднесуваат на својот сопствен колега.  За да биде апсурдот поголем имаме ситуација во која законодавниот дом се контролира самиот себеси односно го контролираат сопственото функционирање наместо да претставува вистински критизер кој би вршел длабинска контрола на функционирањето на извршната власт. Доколку ова беше успешен модел колега, претпоставувам дека многу европски земји би го применувале, ако погледнете во споредбеното уставно право навистина не можете да најдете ниту еден пример каде овој инструмент се користи за контрола на сосеветните колеги. Но, нашиот Устав тоа го дозволува, а вие ја користите таквата можност. За токму таква можност укажува оваа ситуација на самоконтрола. Ова доволно зборува за недемократскиот капацитет во редовите на СДСМ и вистинско менување на смислата на интерпелацијата. Значи, секој политички субјект со задоволително ниво на демократски капацитет е свесен дека ваквите инструметни ќе се искористат за претрес и оцена на работата на едан Влада односно министрите коиј ја сочинуваат Владата а не работата на своите коелги пратеници. Бараме на тоа укажува праксата, досегашното искуство. Сосема на крај да кажам дека овој концепт е ирационален во однос на другиот дел ме зачудува фактот зошто во интерпелацијата наведувате факти кои што не ги изнесовте во текот на траењето на Комисијата на која што присуствува и вашите колеги. Зошто забелешките не ги изнесовте во текот на траењето на КОмисијата, туку сепак водени од дневно политички маркетиншки цели ги употребивте за да поднесете овој инструмент својствен за критизирање на работата на извршната власт. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Колешката најверојатно припаѓа на новата генерација на политичари кои се водат од своите високо морални начела и ја сфаќаат политиката како професија која им служи на граѓаните. Притоа, ако се водат од таквите начела навистина ќе дозволат согласно Уставот и согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија да можеме да го користиме. Тоа е првата работа.

Втората работа навистина сте оптеретени за тоа како СДСМ се однесува зошто така СДСМ се однесува каде седат пратениците на СДСМ, како треба да говорат, во кое време, на кое место, на кое треба да ги дадат репликите итн. Она што навистина не го слушнав денес од пратениците на ВМРО ДПМНЕ да одговорат или еден од пратениците да каже дали виде дека на Комисијата која се одржа на 26.09.2008 беа поставени точките од дневен ред, со колку гласа беа изгласани за, а колку гласаа против. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Имер Алију, повелете.

**Имер Алију:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, навистина е жално што сите дискутанти досега, ниту еден од нив не спомна, не го спомна главниот момент што се однесува на оваа интерпелација која е бесомнение е прекршување на Законот за амнестија.

ДПА пред неколку месеци ги има поднесено иницијатива до Уставната комисија за автентично толкување на Законот за амнестија меѓутоа за жал сеуште немаме донесено одобрение од Уставната комисија до каде се работите и кога ќе се стави на дневен ред истата точка. Ние уште еднаш истакнуваме дека хашките случаи се опфатени со Законот за амнестија  и со ова треба да постапува и Парламентот. Мислиме дека најдобриот начин е да се прифати иницијативата на ДПА за автентично толкување на Законот за амнестија, или пак доколку парламентарното мнозинство сакаат овие случаи да и процесуира во Македонија на домашните судови, тогаш е многу лесно го има потребното мнозинство и може да го измени Законот за амнестија во кој што ќе може да се опфатат и овие предмети ќе можат да се судат исто такви. Без сомнени се забележува договорот меѓу ДУИ и ВМРО што се однесува на хашките случаи. Можеби целта или намерата не е иста, интересите на овие два субјекти одат во други насоки, меѓутоа во моменто можеби и се чини, изгледа романтичен овој договор, можеби и како двајца заљубени адолеценти, меѓутоа се усложнува кога се останува труден.

Токму поради тоа апелирам уште еднаш до парламентарното мнозинство да гледа добро како се одвиваат работите што се однесува на процесиурањето на хашките случаи и да се прифати иницијативата на ДПА со што овие предмети конечно би се затвориле. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Имајки предвид дека ова практично беше последното обраќање на еден колега пратеник по однос на интерпелацијата и практично ги синтетизираше сите ставови кои што ги имаше подносителот на оваа интерпелација, сакам да кажам неколку работи.

Прво да кажам дека апсолутно останува непријатното чуство по однос на оваа интерпелација, не по однос на мене туку по однос на Парламентот и на некои воспоставени демократски и колегијални односи кои што сме ги имале претходно и тоа нема да можеме да го избришеме до крајот на овој мандат и ќе стои како таков. Ние нема да бидеме како вас односно нема да возвратиме односно нема да поднесеме интерпелација на ниеден колега кој што води комисија, тоа нема да го направиме, заради тоа што ние сметаме дека треба Собранието да работи така, прво.

Второ, тоа што е факт е дека не успеавте на ни еден начин да ги докажете тезите кои што ги имавме и колку што јас сфатив најголемото мое зло беше тоа што не сум го почитувал членот 128 и навистина е смешно за непочитување на член 128 да се покрева цела една ваква дебата и прави цела една ваква дебата во Собранието која што, повторувам, остава трајни последици понатака врз работата во Собранието.

Понатака, не се извинивте за ни еден неточен навод во рамките на тестот на интерпелацијата, ги наведовме многу и јас и колегите кои што дискутираа не успеавте да ги демантирате. На пример не демантиравте дека направивте грешка кога напишавте дека сум кажал дека барањата се беспредметни, што е апсолутно неточно. Не се извинивте кога напишавте дека јавно сум гарантирал дека ќе се појаваат пред судот, не демантиравте кога напишавте дека сум поднел важни извештаи итн, итн.

За жал, на крајот од денот останува горчливиот впечаток дека интерпелацијата била поднесена само за да се поднесе, дека единствената цел на оваа интерпелација била СДСМ да довие еден ден внимание во Парламентот и начин на политичка артикулација кога слушнав овде дека сум бил виновен и за стечајците во Република Македонија кои што се создавале кога имав помалку од 10 години, и моите родители се дел од тие стечајци, сум бил виновен за сиромаштијата која што се создаваше исто така некаде во 90-тите години кога премиер беше вашиот неформален лидер, па сум бил виновен за енергетската сиромаштија, сум бил виновен за светската економска криза, веројатно и за акциите на Волт Стрит што паѓаат ќе ја најдете вината тука, така што на крајот на денот она што останува се две работи: горчлив впечаток за непотребата од оваа интерпелација и на ниеден начин недокажаните наводи што ги имавте, се надевам дека е прва и последна ваква, а јас лично ви благодарам за интерпелацијата, ми помогна доста. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Динески Менде.

**Менде Динески:** Почитуван колега,

Навистина, она што не успеавте денес е да ги одбраните сите факти што ги наведовме во образложението кое беше поднесено во интерпелацијата до вас како претседател на Комсијата.

Навистина не успеавте да го одбраните моралните вредности, не успеавте да го одбраните концептот дека се залагате за принцип за законитост и демократичност, дека кај вас демохристијанските начела на кои верувате се дел од вашето политичко работење и постоење итн, итн.

Навистина денес она што успеавте да направите е уште еднаш, по не знам кој пат да испратите низа навреди, политички дисквалификации, политички навреди кон СДСМ, кон колегите пратенци од СДСМ и кон раководството на СДСМ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа што господинот Андреј Жерновски кој е пријавен а не е присутен тука, следен и последен од пријавените за збор е господинот Минчев Горан. Тој претходно зборуваше како претставник на предлагчите.

Последен за збор е господинот Минчев Горан повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Сакам да го искористам и преостанатото време што ни остана на почетокот на моето излагање.

Почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ, не можам да сфатам, со сите дискусии што ги имавте насочени кон СДСМ колку сте испалшени сами за себе. И треба. Затоа што знаете дека почнавте да паѓате со својот рејтинг. Или пак народно кажано, поинаку кажано колата ви тргна надолу.

Само за илустрација, во една септемвриска анкета имавте 38% рејтинг. Денес, на почетокот на декември, за неполни два месеци имате 28% рејтинг. Тоа значи дека оваа млада генерација на вососоморални политичари во ВМРО-ДПМНЕ добро ја води партијата на чело со господинот Николовски, а повремено со приклучок уште на помладиот и неискусен колега Домовски. Меѓутоа, она што го кажувате и вашата оптовареност со СДСМ се едно, а она што се факти, посебно што се тема на оваа интерпелација се друго.

Ќе се обидам уште еднаш да ви дообјаснам кои се фактите. Верувам дека и вие многу добро ги знаете, меѓутоа не ви одговара да ги признаете. Или пак, како што милувате да кажувате, 17 години СДСМ е на влас без притоа да кажете дека од тие 17 години ВМРО-ДПМНЕ што од Владата на Љубчо Георгиевски, што од оваа преродбенава на Никола Груевски се на власт. И тоа немојте да го заборавите. Џабе бегате од тоа. Вие сте партијата што сте 9 години во Република Македонија.

Во име на вистината само ќе ги наведам фактите, тоа е:

Факт број 1, за да ви стане јасно, на седницата на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања, што се одржа на 26.09.2008 година, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Александар Николоски, како претседател не ги стави ни на усвојување ни на гласање барањата од Основниот суд Скопје 1 за одобрување на притвор на пратениците од ДУИ.

Факт број 2, ...

(Џагор во салата со дофрлања од место)

Смирете се малку?!

Факт бро 2, и покрај ваквиот епилог на седницата на Комисијата, пратеникот Александар Николоски во својство на претседател изготви потпиша и достави сепак до претседателот на Собранието два извештаи со невистинита содржина. И немојте колега Николоски да бегате од тој факт. Тоа е вистината.

Факт број 3, на седницата на Комисијата, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Александар Николоски, како претседател, без гласање на присутните членови заклучи дека пратениците на ДУИ ќе се појавуваат на судот поради што и ја затвори, значи не се изјасниле членовите да гласаат во понатамошната расправа на Комисијата. Вашето образложение, каде велите дека не е ваша политичката одговорност, грешите. Затоа што вие сте претседател на таа Комисија и вие ја затворивте расправата. А, гледаме дека 45 дена пратеникот на ДУИ воопшто не е достапен. Ама, тоа е цена на вашиот политички пазар помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Како го почнавте така го завршувате, господ знае како ќе го продолжите.

Факт број 4, пратеникот на ДУИ обвинет дека сторил кривично дело организирање група и потикнување на вршење геноцид и воени злосторства во случајот "малтретирани градежни работници", повторно не се појави на закажаните главни претреси. Да ве потсетам, очигледно имате слаба мемеорија, вие сте тој кој ветувавте дека ќе се појавуваат на судските рочишта. Каде се госоподине Николоски? Кажете каде е пратеникот Хисен Џемаили. На 17 октомври и 19 ноември, вчера ќе беше добро да бевте на една прошетка до Основниот суд, во 10,00 часот имаше рочиште, таму да ја дадовте истата изјава дека ќе се појавува пратеникот. Па, не била ваша политичката одговорност?!

Продолжувате со лагите што ги сервиравте во вашето излагање.

Факт број 5, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Александар Николоски како претседател на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања, со ваквите свои постапки го загрози владеењето на правото како темелна вредност на Уставот на Република Македонија и сериозно го наруши угледот на Собранието на Република Македонија.

Господине Николоски, оние кои говореа денеска од ВМРО-ДПМНЕ, ако вашиот критериум за високоморални личности во ВМРО-ДПМНЕ или нова генерација на политичари е сликање со бањарки во Исланд, далеку ќе стигнете. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Илија Димовски, повелете.

Процедурално збор побара господинот Шамбевски Оливер.

**Оливер Шамбевски:** Господине претседателе,

Не навлегувајќи во ова што беше искажано од говорницата, иако сметам дека беше комплетна злоупотреба, сакам едно прашање до вас, бидејќи на координацијата беше договорено нешто сосема поинаку, врз основа на што господинот Минчев доби право на говор и дали ова беше право на говор или што беше практично?

**Трајко Вељаноски:** Да, тоа беше право на говор од пријавените пратеници за говор. Инаку претходно беше како претставник на предлагачите. Ја образложуваше интерпелацијата. Сега беше говор по самата интерпелација.

Реплика господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Поради јавноста, иако сум многу сигурен дека јавност има подобра меморија од дел од колеги од Собранието, претходната анкета на Институтот за демократија треба да ја погледнете и да ја компарирате едната со другата. Вие правите компарација помеѓу анкетите на Институтот за демократија и на Меѓународниот републикански институт што се две различни работи. Едните прават телефонски анкети, другите прават теренски анктети. За среќа на граѓаните на Република Македонија еве веќе две ипол години вашиот рејтинг никако да тргне нагоре, а рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ е апсолутно на иста позиција како што беше и пред три месеци и пред шест месеци итн.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Минчев Горан.

**Горан Минчев:** Само кратко како контрареплика.

Факт е дека на почетокот на септември ВМРО-ДПМНЕ имаше рејтинг 38%. Без разлика за која анкета се работи, таа се прави во Македонија, не се прави во друга држава. А факт е дека денес објавената анкета покажува дека рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ е 28%, дури не е ни толку, неполни 28%.

Знаете како господине Илија Димовски, ќе дојде време кога овој пад што ве следи во понатамошниот период ќе го оправдувате на разни начини или пак некогаш ве викаат ВМРО-ДПМНЕ или ВМРО-вчиња мангупчиња, а после ќе бидете ВМРО-вчиња...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колега Минчев, треба достоинствено. Мислам дека не беше во ред.

Продолжуваме понатаму.

Господинот Георгиевски Ивица, повелете, реплика.

**Ивица Георгиевски:** Благодарам претседателе.

Цел ден помина, јас би им благодарел на сите говорници од СДСМ, особено на бившиот генерален секретар на СДСМ, се гледа зошто е вифш секретар.

Се заблагодарувам на јавноста што уште еднаш и преочија и ја покажаа основаната разлика помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Успеавте на граѓаните, успеавте на нас пратениците, на цела Македонија уште еден ден да им земете во вашите беспредметни дискусии што, ако ве оставиме можете не еден ден, една година да зборувате и ништо да не кажете.

Буквално денеска, после сите дискусии се увиде дека тоа што беше направено од Комисијата од страна на претседателот Александар Николоски, беше во целост точно, во соглсно со Деловникот и си ја заврши работата токму како што треба.

Во другиот дел каде се обидовте да наметнете некакава политичка одговорност, само да ве прашам, како не ви е страм. Не 17 години, вие со сите можни средства 17 години ја водевте Македонија под сите мотивации и надвор од било каква политичка одговорност. Секоја работа што ја правевте беше надвор од одговорност за Македонија, интересите на Македонија, борбата против криминалот и се друго. Бевте водени од чист политички интерес, исто како и денеска.

Цел ден теравте дискусија за обични политички поени. Но, граѓаните го увидоа тоа и на изборите оваа година и благодарност до вас, затоа што оваа година покажавте дека воопшто немате намера да се смените и се што правите, продолжување на иста практика поради што ги изгубивте изборите 2008 и претходно 2006 година. За истото ќе бидете казнети наредната 2009 година.

Ви благодарам уште еднаш во име на сите граѓани на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Господине Ивица Георгиевски, бивш директор на Агенцијата за млади и спорт, а вие знаете најдобро зошто сте бивш.

Немојте вашите тези што постојано ги форсирате во ова Собрание, за вашите сугестии, за начинот и функционирањето на СДСМ да ги претворате во реплики, беспредметно, не говорејќи за она што е точна на дневниот ред.

Ако веќе сакате со такви зборови трошите повеќе од две ипол години пари на граѓаните, собрани од граѓаните, меѓутоа не сработивте ништо. За разлика од вас, ние имаме сосема дргу начин за работа.

**Трајко Вељаноски:** Има реплика господинот Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Веќе цело претпладне и попладне ја набљудувам дебатата што се однесува на нашиот колега Александар Николски. Мислам дека ова е врв од апсурдите што оваа гарнитура на СДСМ ги продуцира ова Собрание. А тоа е, внимавајте, интерпелација на работата на еден пратеник.

Уште еднаш, дами и господа, пратеникот Александар Николоски не сте го избрале вие. Александар Николоски не е пратеник благодарение на гласовите на Горан Петров, на Марјанчо Николоски, Цветанка Иванова, Горан Минчев, Емилијан Станковиќ, Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Мисовски и сите кои се тука присутни, туку тој е пратеник благодарение на 80 илјади гласови кој ги добила листата од петтата изборна единица со гласовите на граѓаните на Струга, Охрид, Дебарца, Крушево, Битола и повеќе општини од петтата изборна единица. Да не го пропуштам и Кичево.

Да повторам, тој е пратеник благодарение на 80 илјади гласови кои го дале гласот за таа листа, а не поради вашите дисквалификации и мислења и слично.

Уште еднаш, зошто реагиравте еден месец после Одлуката на Комисијата, односн после настанот. Кога беше Комисијата и заклучоците што го донесе Комисијата што ја предводел Александар Николоски, тие беа донесени едногласно, еднодушно и без ниту една ваша забелешка. Значи уште еднаш ниту една ваша забелешка не е вметната во заклучоците на Комисијата.

А тоа што вие самите себе си се доведовте во една ситуација да главно ваше политичко дејствување во овие две недели во Парламентот биде ликот, делото и постапките на еден 24 годишен пратеник, кој е добар пратеник, активен пратеник, пратеник кој е навистина, уште еднаш ќе кажам, според мое мислење еден од добрите пратеници во ова Собрание, мислам дека говори за самите.

Значи, вие имате отсуство на политичка понуда, имате отсуство на проекти, отсуство на законски иницијативи, отсуство на креативност затоа што повеќе немате 200 или 300 интелектуалци, како што пред некој Нано Ружин кажа на А-1 Телевизија како што имавте своевремено, тие луѓе се набркани од партијата, од едно умието персонално, кадровско и програмско во овие 17 години и затоа еве веќе цел ден се се сведува на тоа да обвинувате,неосновано, еден солиден пратеник. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе,

Колега Ѓорчев како зборувате за СДСМ имам впечаток дека сакате да се зачлените во СДСМ, па да ги објасните внатре вашите идеи за СДСМ. Тоа е добро. Конечно сте созреале во вашите политички ставови односно претпоставувам дека вие сте генерација плус од оние високо-морални политичари на ВМРО-ДПМНЕ.

Само сакам да ви реплицирам и да ви честитам на храброста што се јавувате  да дискутирате по оваа точка и да ве прашам дали сте вие тој

Влатко Ѓорчев кој за довчерашните терористи по вас денеска ваши коалициони партнери, земате збор. Сакам да ви го поставам прашањето каде е Хисен Џемаили? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам претседателе,

Навистина тоа што го констатирав на почетокот еве на крајот го рече пратеникот од СДСМ дека повеќе е загрижен каде е Хисен Џемаили одошто за тоа што е поднесена оваа интерпелација. По се изгледа или не по се изгледа, туку така е, пратеникот кој дискутираше и кога се буди рано наутро и кога легнува да спие во глава му се пратениците од ДУИ, посебно Хисен Џемаили. Не е добро за самиот него, бидејќи во неговиот говор над 20 пати го спомна токму ДУИ и истовремено се бави со работата на судовите и други нешта.

Не е добро господине Минчев да се претворите во судија, велам не е добро, бидејќи ние не сме суд, туку сме Собрание. Работата на судовите треба да им ја оставиме на судовите. Кога и како ќе се јави Хисен Џемаили на рочиште е друга работа, тоа не е нешто што треба да го дебатираме овде, но господине Минчев треба да ви биде јасно дека помина времето кога се добиваа политички поени само поради тоа дека се спомнуваше Демократската унија за интеграција, така што мислам за волја на перспективата на него и на ДУИ треба да се занимаваат со поумни работи, со работи кои се од интерес на граѓаните и на Република Македонија, а не да се занимавате со попусти и празни работи. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе,

Господине Алити, воопшто немам намера да зборувам за пратеникот Хисен Џемаили, меѓутоа, жалам што тој е дел од овој процес.

Инаку, да ве потсетам, интерпелацијата е поднесена за господинот Александар Николоски, сега,што тој вети дека пратениците од ДУИ, ајде едниот се појави, вториот не можеме никаде да гонајдеме, дека ќе се појавуваат редовно на судот, тоа не се мои зборови, тоа не би сакал да го коментирам.

Околу желбата на СДСМ или моја, да влијаеме врз судот како што вие кажавте, апсолутно немаме намера да се мешаме во тоа, само го коментираме процесот кој беше на Комисијата за мандатно-имунитетни прашања. Благодара.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, навистина жалам за позицијата која ја има СДСМ измислувајќи нови начини и форми за да се радикализира себе си, можеби и да ги радикализира и своите членови за да создаде една директна симпатија кон СДСМ во народот, но за жал, не се занимава со факти и аргументи, да се поврзе со суштината на интерпелацијата, туку првин се фаќа за Хисен Џемаили, па се фаќа за Демократската унија за интеграција, често пати користи зборови кои не се умесни да се користат во Собранието на Република Македонија.

Што е најлошо, покренува радикални емоции во Собранието, претставувајќи ги истите во јавноста, што не е во ред, пред се се меша во надлежностите на судството велејќи дека е обвинет или дава различни етикети на лицето за кое сеуште судот нема одлучено.

Што се однесува до Хисе Џемаили, мислам дека не е во ред Горан Минчев кој во неговиот прв мандат во Собранието на Република Македонија да се радикализира себе си и да иницира, можеби, некои политички субјекти од регионот кои само ги оштетиле своите партии, својот народ, но што е најлошо Минчев и другите треба да имаат одговорност кон државата, кон граѓаните на Република Македонија и наместо работата да дојде до смирување на ситуацијата, тука имаме политичари кои навистина сакаат да ја нарушат, радикализираат ситуацијата, без оглед во какви политички констелации е Република Македонија во регионот, со соседите што се однесува до името, црквата и јазикот, мислам дека тука има радикални сили кои сакаат да ја направат ситуацијата тензична внатре во Република Македонија.

Јас би апелирал посебно до тие политичари кои имаат морална и политичка одговорност кон својата партија, кон својот народ и кон граѓаните на Република Македонија и кон државата навистина да бидат внимателни посебно кога се дискутира за некоја тема, да се дискутира токму за таа тема, да не се именуваат различни лица, да се етикетираат и да се шпекулира во оваа насока. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе,

Почитуван колега, СДСМ на неколку наврати докажал дека е државотворна партија, дека воопшто не е во функција да ги радикализира своите ставови, и состојбите во државата.

Напротив, секогаш сме делувале конструктивно и пред се ставајќи ги интересите на државата вопрв план.

Меѓутоа, морам исто така да ви упатам едно прашање, не ве видов на оваа говорница да говорите или да браните вакви ставови кога беа во прашање функционери на СДСМ односно нивните апсења пред телевизиските камери.

Не знам зошто толку ве погодува кога се спомнува дел од вашата пратеничка група затоа што тоа е предмет на оваа интерпелација која, повторувам, е за претседателот на Комисијата господинот Александар Николоски, а се работи за

барање на Основниот суд. Тоа се документи кои се пристигнати во ова Собрание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпен утврдениот редослед на пратениците пријавени за збор, констатирам дека претресот по интерпелацијата е завршен.

Преминуваме на гласање.

Интерпелацијата за работата на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања господинот Александар Николоски ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, од нив за интерпелацијата гласаа 12, воздржани нема, против 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања господинот Александар Николоски.

Ја прекинувам седницата, а за продолжението на седницата дополнително ќе бидете известени штом ќе се создадат деловнички можности.

Колеги, дозволете ми од мое и ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам претстојниот државен празник 8-ми Декември - Свети Климент Охридски.

Истовремено на граѓаните од муслиманска вероисповест им го честитам претстојниот празник Курбан Бајрам.

Ви благодарам

(Седницата прекина со работа во 16,47 часот).